# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Првото продолжение на Деведесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 25 јануари 2005 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,00 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Молам пратениците да влезат во салата.

Почитувани пратеници,

Продолжуваме со работа по Деведесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Елеонора Петрова-Митевска, Ванчо Георгиев, Теута Арифи, Рафис Алити, Али Ахмети, Џевдет Шаќири, Мендух Тачи, Џевдет Насуфи, Хусеинџевад Хусеини, Зоран Крстевски, Есад Рахиќ, Трифун Костовски, Илијаз Халими, Селија Салиу, Абдулади Вејсели, Слободан Чашуле, Илија Србиновски, Ганка Самоилова-Цветановска, Љубчо Георгиевски, Љубе Бошковски,Петар Наумовски, Орданчо Тасев, Никола Груевски, Сашко Кедев и Зиди Џелили ме известија дека не се во можност да присуствуваат на седницата.

Бидејќи вчера ја завршивме расправата по Предлогот на законот за заштита на лични податоци предлагам да пристапиме кон гласање.

Известен сум дека нема потпишано 60 пратеници, значи ќе го направиме она што вчера го направивме, ќе продолжиме во 12,00 часот.

(Претседавачот седницата ја прекина во 11,05 часот).

(Седницата продолжи со работа во 12,00 часот)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ги молам пратениците да влезат во салата, да продолжиме со работа.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата).

Во салата се присутни 65 пратеници.

Значи, вчера завршивме со претресот по текстот на Предлогот на законот за заштита на лични податоци.

Тој претрес е заклучен.

Предлогот на законот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 63 пратеници, од кои 52 гласале за, 1 воздржан и 10 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за заштита на лични податоци.

Господине Караџоски, повелете процедурално.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, колеги пратнеици,

Сакам да ве информирам, процедурално се јавувам заради тоа, согласно член 31 став 5 од Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија да ве известам Вас, пратениците, а и македонската јавност дека од денеска пратениците: Љубчо Георгиевски, Марија Којзеклиска, Љупчо Балковски, Ѓорѓи Трендафилов, Жарко Караџоски, Чедомир Краљевски, Блаже Стојановски, Ѓорѓи Оровчанец, Слободан Чашуле, Ристо Пејовски, Драго Шајноски и Спиро Мавровски оформуваат нова пратеничка група, пртеничка група која што е од редот на ВМРО-Народна партија. Значи од денес па натаму ќе ги застапуваме интересите на ВМРО-Народна партија и согласно бројот на пратениците и согласно Деловникот овде изјавуваме дека на овој начин стануваме и најголема опозициона партија.

Значи, во иднина сакам овој став да го почитувате, до Вас е доставено и писмено барање со тоа што на тој начин ќе не прифатите како посебна пратеничка група, со сите права и обврски што произлегуваат од Деловникот.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Ни треба уште информација со кого треба да комуницирам и кој е координатор.

Сега за сега господин Караџоски, вие ли сте в.д. координатор.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе,

Кој ќе биде координатор на пратеничката група, ќе ве известиме благовремено, кога нормално пратеничката група ќе одлучи согласно Деловникот, а за тој период, додека тоа го направиме не е проблем да комуницирате со мене како и досега.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Да ги информирам пратениците до мене стигна барање уште за една пратеничка група, господинот Марјан Ѓорчев, да не ги споменувам имињата точно на пратениците така да имаме плус една пратеничка група. Незнам како ќе се нарекува, сигурно пратеничка група на независни пратеници.

**Минуваме на точката 26 - Предлог на закон за оружје.**

Предлогот на законот за оружје, Предлогот на законот и Извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани на член 3 став 22 и на членот 80 став 1 за бришење на алинеите и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за одбрана и безбедност поднесе амандмани на член 3 став 12 и 18; член 4 став 2 точка 5 и на став 5 точка 5; член 7 став 2; член 7 за менување на ставовите 5 и 6 со нов став 5; член 8 став 1; член 12 став 1 алинеја 3; член 14 став 10 член 21 став 1 и за менување на став 3; член 22 став 1; член 23 став 2 и на член 39 став 1.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 2 став 1; член 7 став 6; член 8 став 1; член 9 став 2; член 16 по воведната реченица на став 1, за менување на член 17; член 18 став 1; член 23 за додавање втора реченица во ставот 3 и за заменувањето на ставот 4 со два нови става 4 и 5; член 26 став 2; член 35 став 3; член 42 став 4; член 43 став 2 и член 44 став 2; член 45 став 3; член 81 став 1 точка 1; член 83 став 1 точка 2 и на член 85 став 2.

Пратениците Коце Трајановски и Ѓорѓи Трендафилов, поднесоа амандмани на член 3 за додавање нов став 23 по ставот 22; член 4 став 4 за бришење на точка 1; член 23 за внесување нов став 1 пред ставот 1; член 31 за менување на став 3 за менување на став 4 и член 39 став 1; член 86 став 1 и на член 86 став 3 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 1, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за внатрешни работи.

Повелете.

ЉУБОМИР МИХАЈЛОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 12 и 18, поднесен од Комисијата за одбрана и безбедност.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за внатрешни работи.

Повелете.

ЉУБОМИР МИХАЈЛОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 за додавање нов став 23 по ставот 22 поднесен од пратениците Коце Трајановски и Ѓорѓи Трендафилов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за внатрешни работи.

Повелете.

ЉУБОМИР МИХАЈЛОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Повелете господине Трајановски, имате збор.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе,

Значи, ние тројцата пратеници, јас заедно со пратеникот Ѓорѓи Трендафилов и Слободан Даневски го поднесовме овој амандман се со цел да го подобриме текстот на овој закон, бидејќи овој амандман го поднесуваме од една единствена причина.

Има голем број на граѓани во Република Македонија кои што поседуваат оружје кое е произведено во периодот после 1898 година, значи во периодот од 1898 година до 1945 година.

Во членот 3 во ставот 22 се додава нов став 23 кој би гласел: “Историско оружје (оружје кое што претставува историски оригинал) оружје произведено во период од 1898 до 1945 година и е оружје кое има историска, техничка и уметничка вредност”.

Ваквиот амандман се поднесува поради точното дефинирање на поимот "историско оружје", дефиниција која што сметаме дека е изоставена во Предлогот на овој закон. Во сите земји во Европската унија е регулиран поимот со историското оружје, додека кај нас тој поим не постои, незнам дали е воведен под "старо оружје", меѓутоа сметаме дека тука не би можело да се најде ова оружје особено што и во невладините организации, 36 колку што беа, кои што дадоа свој голем допринос во корегирањето на текстот на овој закон исто така се согласуваат овој поим да биде внесен во овој закон.

Има голем број на колекционери кои што имаат поголем број на парчиња на оружје произведено во овој период и за разлика од старинското оружје ова оружје има употребна вредност, значи тоа е употребливо и класично оружје. Дури и на Комисијата сметавме дека тоа оружје би требало да биде во групата Ц, со тоа што ова оружје може и да биде блокирано, тоа се прави во Западно-европските земји, со што на колекционерите би им се овозможило ова оружје навистина да го поседуваат, значи да биде оневозможена онаа можност дека оружјето би можело да се употреби, со оглед дека тоа е и пластично оружје, за недозволиви цели.

Значи, сметаме дека со овој амандман навистина ќе се подобри текстот на законот и огромен број на граѓани на Република Македонија кои што поседуваат вакво оружје ќе може и понатаму со поволни услови да го поседуваат, да не биде ставено во класичното оружје и во иднина граѓани на Република Македонија кои што ќе дојдат или сакаат да имаат оружје произведено во овој период, при што исто така сакам да поентирам дека во овој период имаше две светски војни, Првата и Втората светска војна во кои што имало огромен број на оружје кое што сега го поседуваат граѓаните на Република Македонија, или ќе сакаат да го поседуваат понатаму како трофејно, колекционерско оружје. Затоа сметаме дека овој амандман би требало да биде прифатен и овој поим да биде внесен во текстот на Законот за оружје.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете господине Трендафилов.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Годината 1898 година е земена поради индустриското производство со црниот барут, впрочем и Министерството за внатрешни работи е свесно дека и во акцијата за легализација на нелегалното оружје која што ја спроведоа во текот на минатата година, и во претходното собирање на нелегалното оружје во Република Македонија добар дел од она што беше собрано може да влезе токму во оваа категорија на

оружје. Значи оружје произведено и употребувано во периодот од 1898 до 1945 година.

Техничките карактеристики и огнената моќ на овој вид оружје практично не се разликува од слични оружја кои се произведуваат и денес. Значи, оваа категоризација е ставена токму поради тоа што ова оружје ја има истата огнена моќ како оружје или било која друга пушка произведена во текот на 90-тите години или 2000 година.

Бидејќи претставува сепак одредена вредност, затоа што има и технички карактеристики и историска вредност беше потребно ова да се стави како посебна категорија, а не може да се стави во категоријата пред 1898 година, зата што типот, техничките карактеристики на тој тип оружје не се исти како и овие.

Значи, сакам да обрнат и пратениците внимание дека станува збор практично за оружје кое има огнена моќ,како и оружје кое е произведено после 1945 година и сепак претставува историска вредност и затоа треба попрецизно да се регулира начинот и видот на оружје кое ќе потпаѓа под оваа категорија и понатаму според овој закон да биде предмет на соодветна трансакција, продавање, купување или сопственост на приватни колекционери или сопственост на музеите во Република Македонија.

Затоа инсистираме до пратениците овој амандман да го сватат во таа насока.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Молам, дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 59 пратеници, од кои 17 за амандманот, 1 воздржан и 41 против амандманот.

Во салата се присутни 65 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 2 точка 5 и на став 5 точка 5, поднесен од Комисијата за одбрана и безбедност.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за внатрешни работи.

Повелете.

ЉУБОМИР МИХАЈЛОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 4 за бришење на точка 1, поднесен од пратениците Коце Трајановски и Ѓорѓи Трендафилов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за внатрешни работи.

Повелете.

ЉУБОМИР МИХАЈЛОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Повелете господине Трендафилов, имате збор.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Полуавтоматското оружје во Република Македонија не се користи во ниедна од овие категории на физички лица кои имаат право да поседуваат или да носат оружје. Ниту се користи во ловот, ниту се користи во самоодбрана, ниту има стрелачка дисциплина во рамките на стрелачките натпреварувања кои се организираат и во Република Македонија и во рамките на натпреварувањата во повисоките лиги, или во меѓународните натпревари.

Значи, кога овие три категории на граѓани на Република Македонија не можат да располагаат затоа што апсолутно не им е потребно, ниту можат да го користат во било која цел, Министерството за внатрешни работи е должно да ни објасни овие полуавтоматски пушки кои од техничка гледна точка за помалку од една минута можат да се преправат и да бидат автоматски пушки, лицата кои поседуваат полуавтоматска пушка, а ги немаат познавањата, техничките претпоставки да умеат да го преработат оружјето, да го преправат во автоматско доволно е можеби за некои од нив два пати да го треснат од земја и да стане автоматска пушка.

Прашањето е, бидејќи овие полуавтоматски пушки во повеќето земји, законите кои компаративно ги употребуваше во дискусијата повереникот на Владата не се користат меѓу цивилното население. Полуавтоматското оружје е резервирано исклучиво за припадниците на Армијата, полициските сили, спедијалните единици во една од овие две институции. Значи, надвор од вооружените сили на граѓаните на

Република Македонија останува прашањето зошто им е потребно полуавтоматско оружје. Кои се тие граѓани на Република Македонија што и се потребни полуавтоматски пушки. Одговорот на тоа прашање не го добивме ниту во разговорите на Комисијата за одбрана, ниту на работната група, и еве можеби Министерството за внатрешни работи сега ќе ни каже. Полуавтоматското оружје по својата функција освен за припадниците на вооружените сили на Република Македонија никому во земјава легално не му е дозволено да го поседува.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласате.

Вкупно гласале 64 пратеника, од кои 13 гласале за амандманот, нема воздржани и 51 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 7 став 2, поднесен од Комисијата за одбрана и безбедност.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за внатрешни работи.

Повелете.

ЉУБОМИР МИХАЈЛОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 7 за менување на ставовите 5 и 6 со нов став 5, поднесен од Комисијата за одбрана и безбедност.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за внатрешни работи.

ЉУБОМИР МИХАЈЛОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 7 став 6, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за внатрешни работи.

Повелете.

ЉУБОМИР МИХАЈЛОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1, поднесен од Комисијата за одбрана и безбедност.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за внатрешни работи.

Повелете.

ЉУБОМИР МИХАЈЛОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за внатрешни работи.

ЉУБОМИР МИХАЈЛОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 9 став 2, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за внатрешни работи.

Повелете.

ЉУБОМИР МИХАЈЛОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 12 став 1 алинеја 3, поднесен од Комисијата за одбрана и безбедност.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за внатрешни работи.

Повелете.

ЉУБОМИР МИХАЈЛОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 14 став 10, поднесен од Комисијата за одбрана и безбедност.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за внатрешни работи.

ЉУБОМИР МИХАЈЛОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 16 во воведната реченица на став 1, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за внатрешни работи.

Повелете.

ЉУБОМИР МИХАЈЛОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 17 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за внатрешни работи.

Повелете.

ЉУБОМИР МИХАЈЛОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 18 став 1, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот.

Повелете.

ЉУБОМИР МИХАЈЛОВСКИ:

Се прифаќа амандманот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот се прифаќа и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 21 став 1, и за менување на став 3 поднесен од Комисијата за одбрана и безбедност.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот.

Повелете.

ЉУБОМИР МИХАЈЛОВСКИ:

Се прифаќа амандманот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот се прифаќа и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 22 став 1, поднесен од Комисијата за одбрана и безбеност.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот.

Повелете.

ЉУБОМИР МИХАЈЛОВСКИ:

Се прифаќа амандманот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот се прифаќа и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 23 за внесување на нов став 1, пред ставот 1, поднесен од пратениците Коце Трајановски и Ѓорѓи Трендафилов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за внатрешни работи.

Повелете.

ЉУБОМИР МИХАЈЛОВСКИ:

Не се прифаќа амандманот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

За збор се јави г-динот Даневски, а потоа е пратеникот Ѓорѓи Трендафилов.

Повелете г-дине Даневски имате збор,

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Господине претседателе, дами и господа, господине министер.

И јас се приклучив на овие амандмани на моите пратеници Коце Трајановски и Ѓорѓи Трендафилов.

Имено, станува збор за амандманот во членот 23, став 1, се внесува нов став кој гласи: “физичките лица кои поседуваат дозвола за поседување на оружје согласно член 3 став 3 на овој закон имаат право да го носат со себе на јавни места на прикриен начин на кој што нема да предизвикува паника во јавноста. За што имено станува збор и што сака да се постигне со овој амандман? Ние донесовме закон за носење на оружје и имаме сега едно лошо искуство во тоа што оние кои носат оружје сега, говориме за оние разбојници, криминалци кои носат оружје на нелегален начин и ни се случуваат убиства, почнувајќи од најсвежите примери за убиствата и грабежите на таксистите. Овој амандман го даваме во контекст на тоа што, како може, еве да земеме најбанален пример, ако вие дозволите да се носи оружје, да речеме, пиштол во сопствен автомобил. Како вие ќе го пренесете сопствениот пиштол од сопствениот автомобил до сопствениот стан и куќа. Носењето на оружјето, значи правиме прекршок. И, ако во тој момент случајно ве сретне полиција и ве легитимира и ви направи пртрес и ќе го најде оружјето кај вас, вие согласно законот ќе сносите консеквенци. Ова е дадено во контекст на се она

што се случува. Знаеме дека криминалците знаат дека сите граѓани кои се чесни во оваа држава поседуваат легално оружје, не го носат со себе, сега криминалците се во предност пред сите. Тоа е така, затоа што секој носи оружје и секој е многу посигурен. Има примери и во светот. И онаа чуена полиција англиска, оној така наречен Боби многу години значеше за пример во светот за полицијата. Кога дојдоа негативните искуства што се случуваа со години во Англија, тогаш сватија дека така наречениот полицаец Боби, гинеа како глилнени голуби. Затоа, ги наоружаа со тешко наоружување, да кажам, магнум 45, тоа е најтешкиот вид на оружје од пиштол. Им дадоа оружје за да се заштитат, затоа што сите оние што сакаат да посегнат оружје кога ќе пукаат во жива мета, знаат дека живата мета може да му врати. Лесно е кога пука на човек како топовско месо и лесно може тој да се одлучи да пука, бидејќи знае дека тој нема да врати.

Од овие причини го предлагаме овој амандман, затоа што да се направи во измените на Законот, со тоа што сите оние кои легално поседуваат оружје, кои си плаќаат такси и се евидентирани во Министерството за внатрешни работи, да можат да го носат оружјето како што беше порано. Инаку, ни се случуваат грабежи на сред бел ден, затоа што има многу примери и тоа ограбување на пошти, на поштари, на приватни куќи, на старци, на деца, на сред бел ден во Скопје. Мислам дека тоа е еден од оние аргументи за да може да се прифати овој амандман.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Господине министре имате збор.

Повелете.

ЉУБОМИР МИХАЈЛОВСКИ:

Почитуван пртседателе, почитувани пратеници,

Само да појасниме малку. Овде станува збор за носење на оружје, како што кажува пратеникот, на јавно место на скриен начин. Ние кажавме дека на јавни места, има закон и не може да се носи. Тоа е едно.

Второ, со Законот е регулирано на кој начин ќе се носи оружјето и ќе се донесува до возило, до објекти што не се на јавни места. Ова што го кажавте за Боби не заборавајте дека Боби е припадник на полициските сили во Велика Британија. Значи, не се работи за граѓани, ова е закон за граѓани, за физички лица што ќе носат оружје. Не зборуваме за полицијата. Тоа е едно.

Второ, ако сакате ќе ви дадам и статистика со носење на јавни места и на други места каде што има голема присутност на граѓани и ќе ви кажеме колку инциденти се настанати, меѓутоа, тоа е во понатмошните амандмани. Вкупно ќе ви кажеме, така што е регулирано носењето до возилата и за тоа нема проблем, а тоа што ќе го оси прикриено, тоа не дава никаква сигурност, нормално, за другите граѓани.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете господине Ѓорѓи Трендафилов.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Значи, измените кои сакаме да се направат со овој амандман, физичките лица кои поседуваат дозвола за поседување на оружје согласно член 3 став 3 на овој закон имаат право да го носат со себе на јавни места на прикриен начин кој што нема да предизвикува внимание на присутната јавност. Значи, станува збор за носење на краткоцевно оружје. Знаеме како е регулирана стрелачкото и ловечкото оружје. Станува збор за носење оружје заради лична самозаштита.

Министерот не одговори за кого се наменети полуавтоматските војнички пушки во Република Македонија, затоа што никој од овде во салава не смее да располага со нив. Затоа, предлагавме со претходниот амандман тие полуавтоматски војнички пушки да имаат право да ги поседуваат и употребуваат само припадниците на вооружените сили на Република Македонија. Нивното место е само во војската и во полицијата.

Министерот не одговори, иако амандманот не беше прифатен, со овој закон се дозволува да се употребува, да се носи полуавтоматска пушка. Од друга страна не прифаќањето од страна на министерот на овој закон, ги става во подредена улога сите останати граѓани кои немаат и така и така да носат полуавтоматска пушка, а имаат оружје кое е земено заради лична самозаштита. Претходниот дел и претходниот амандман поднесен од овие тројца пратеници и овој амандман се во директна врска. Од една страна Министерството кажува дека го регулирало тоа прашање, но ние не добивме одговор за кого се наменети тие полуавтоматски војнички пушки, а не се припадници на полицијата и на МВР. Значи, можноста за нивното злоупотребување е практично неограничена. Но, сепак, Министерството за внатрешни работи не зборува за таа злоупотреба, ги прави сите други граѓани во земјава кои и така и така немаат право да поседуваат полуавтоматско оружје како

потенцијални криминални елементи. Оружјето за лична самозаштита е пракса која е позната во земјите на ЕУ и во Соединетите држави и во работната група и во Комисијата за одбрана ги нудевме оние модели. Два пати во текот на постоењето на важечката дозвола за поседување на оружје, два пати имателот на тоа оружје, Министерството за внатрешни работи да му издаде дозвола за поседување. Трет пат не може да се издаде. Во некои земји е две години таа дозвола, во некои земји е три години, во некои земји е пет години. Но, сега, МВР е должно да ни објасни зошто граѓаните на Република Македонија не можат да носат оружје за самозаштита, а кои се тие граѓани во земјава, некоја привилегирана група која има право да располага со полуавтоматски војнички пушки, а не се припадници на вооружените сили на Република Македонија.

Од тие причини, бидејќи се во врска и овој и претходниот амандман поднесен од овие тројца пратеници, мислам дека заслужуваме одговор, затоа што полуавтоматско оружје, како што претходно кажавме, не се користи ни во спортското натпреварување, не се користи ниту во ловот, ниту било кој од нас како граѓани на оваа земја има право да го набавува. Тоа може да го имаат само полицијата и војската.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 13 пратеници гласале за, нема воздржани, 48 пратеници гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 23 став 2, поднесен од Комисијата за одбрана и безбедност.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за внатрешни работи.

Повелете.

ЉУБОМИР МИХАЈЛОВСКИ:

Се прифаќа амандманот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 23 за додавање втора реченица во ставот 3 и за заменување на ставот 4 со два нови става 4 и 5, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за внатрешни работи.

Повелете.

ЉУБОМИР МИХАЈЛОВСКИ:

Се прифаќа амандманот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 26 став 2, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот.

Повелете.

ЉУБОМИР МИХАЈЛОВСКИ:

Се прифаќа амандманот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и со тоа станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 31 за менување на  став 3, и за менување на став 4, поднесен од пратениците Коце Трајановски и Ѓорѓи Трендафилов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за внатрешни работи.

Повелете.

ЉУБОМИР МИХАЈЛОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа амандманот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Повелете господине Трајановски имате збор.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам, претседателе,

Амандманот се однесува на член 31 став 3. Имено, во членот 31 став 3 се менува и гласи: "Забрането е носење на оружје на јавни манифестации". Ставот 4 се менува и гласи: "Под јавна манифестација се подразбира организирани собири на граѓани, објекти од јавен карактер чии што сопственици можат да воведат правила за забрането внесување на оружје во таквите објекти, како и јавни објекти кои што се во надлежност на институциите на системот чии што раководни лица исто така можат да воведат правила за забрането носење на оружје". Ваквиот амандман се поднесува поради динстикцијата меѓу поимите јавно место и јавна манифестација, како и поради прецизирање на поимот јавна манифестација. Имено, во членот 31, став 3, под јавно место во смисла на овој закон се смета место на кое слободен пристап имаат неопределен број на лица без какви и да било услови. Значи, на улици, плоштади, патишта, излетнички места и слично. Значи, толку е широко поставен овој поим јавно место, што навистина не остава можност имателите на оружје кое што оружје го поседуваат нормално со дозвола, тоа оружје да го носат поради своја лична безбедност. Практично, ако остане, законот ваков каков што е би можело сопственикот на оружјето кој што има легално добиено дозвола за поседување и носење на оружје, тоа ќе може да го носи само во автомобил или тоа мора да биде расклопено. Значи, ќе се губи односно да биде одвоена цевката од механизмот за отворање и ако е можно муницијата одвоена од оружјето. Значи, се губи и самата смисла на законот и практично она што е во Уставот, за да можат граѓаните да имаат свој начин лично да се заштитат.

Сметам дека ако Законот остане ваков каков што е, пред донесувањето на овој амандман, практично ќе биде безпредметно поседувањето на оружјето за лична заштита зборувам. Инаку, тоа ќе испадне само ова што е за лов или за некои вежбовни активности на граѓаните.

Затоа, сметаме дека овој амандман треба да се прифати, бидејќи ќе им се овозможи на граѓаните кои го поседуваат ова оружје, навистина, дозволата со која што го добиле, да биде наменета за нивна лична заштита.

Инаку, можеме да напоменеме и тоа дека често се спомнува да се каже и во првата фаза на донесување на законот и на комисиските расправи и на стручните лица и невладини организации кои што се од стрелачките или ловечките организации, дека убиствата, криминалот и слично направени со легално оружје се само 1% од вкупниот број на случаи кои што се со оружје. Значи, само 1%, а сето

останато е со нелегално оружје. Доколку овој амандман несе прифати, без предметно ќе биде носењето и имањето на дозвола за легално поседување на оружје. Значи, ќе се стимулираат граѓаните нелегално да набавуваат оружје и со тоа да имаат своја лична заштита, поголема лична заштита и сигурност.

Инаку, да напоменам исто така, што беше споменувано и на комисиите дека само 7% од граѓаните во Република Македонија имаат легално што поседуваат оружје. Додека во Европските земји тој процент е од 45% во средноевропските земји, додека во Нордиските можеби е и 70%. Јас не знам зошто е тој голем страв во Република Македонија од легално поседување на оружје на граѓаните на Република Македонија.Мислам дека е тоа безпредметно, начинот на кој што се предлага ова да биде. Сметам дека е некој рецидив од претходниот систем и мислам дека треба конечно да се ослободиме од тоа. Со прифаќањето на овој амандман, навистина, ние ќе се доближиме и до некои стандарди на ЕУ, во делот на носењето на оружје.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Збор има министерот за внатрешни работи.

Повелете.

ЉУБОМИР МИХАЈЛОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Ќе ви дадам само неколку накратко во контекст на оваа дискусија една статистика, за да имате претстава, зборувам за легалното оружје и начинот на користење на легалното оружје.

Значи, за еден период наназад имаме 88 случаи на саморанување. 47 случаи несреќни со оружје, 94 самоубиства, 603 случаи на кражби на оружје. Зборуваме вкупно за легално оружје, не зборувам за нелегално оружје. Зборуваме за 832 случаи каде што е предмет на настан - оружје. Ова што го кажувате еден посто и незнам што таму, тоа нема никаква врска со точната бројка.

Второ, да ви кажам за тоа што кажувате дека колку посто има оружје во Македонија, легално зборувам, ќе ви дадам точна статистика. Вкупна броја на легално оружје во Македонија е 159 илјади и 497 парчиња. Од тие правните лица има 13.032, физички лица имаат 144.082 и стрелачки организации 2383. Па, сега, пресметајте заклучно до 31.12.2004 година, колку посто е оценката што ја давате. Споредете ги овие 832 случаи што ги имаме настанати што овој закон треба да го регулира и да го намали ова. Значи, од овие 832 со една процедура на носење

оружје, со една процедура на другите амандмани што ги предлагате, сигурно овие 88 случаи на саморанување, 47 несреќни случаи и 94 самоубиства со легално оружје. Сега, гледајте ги бројките, па ќе продолжиме со амандманите.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Господине Трајановски, имате една минута.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам, претседателе,

Значи, може и повеќе од една минута, со оглед на тоа што амандманот е наш, на предлагачите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не, ова е реплика.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Пред се, да му заблагодарам на министерот што еве за прв пат изнесува некои бројки, бидејќи ние упорно ги баравме и во првата фаза од донесувањето на законот и на Комисијата. Министерот не не удостои и добро е што е тука сега на расправа при донесувањето на законот, меѓутоа, требаше овие бројки порано да ни ги даде, за да ние ги коментираме. Сепак, јас повторно би ги коментирал овие бројки.

Прво, инцидентите кои што се случуваат со оружјето, овие самоубиства не се само поради тоа што тие само поднесуваат оружје, односно имаат оружје, туку тие се поради социолошка природа.

Значи, тие самоубиства треба да се гледаат на различни начини. Човекот кој што сметал дека треба да направи самоубиство, освен од небрежност, а има и од многу други аспекти. Да не гледаме ние дека сето тоа е само поради оружјето.

Исто така јас не го разбрав дали 603 е кражба на оружјето со легално оружје.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Трајановски, ако баравте збор, тогаш пред вас е господинот Трендафилов. Имате време да ја завршите мислата, ако сте барале збор треба да сте после господинот Трендафилов, овде си има редослед.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Сепак овие 160 илјади се помалку од 10%, колку што кажав јас. Додека во средноевропските земји е 30-35 земји поседување на легално оружје. Друга е причината за сите инциденти, не е само поседувањето на оружје.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Трендафилов имате збор, а потоа господинот Зоран Томиќ.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

За бројките од Министерството за внатрешни работи ќе зборуваме подоцна, инаку во контекст на загриженоста на Министерството за внатрешни работи јас ќе прашам две работи. За кого се наменети господине министре полуавтоматските војнички пушки кои инаку граѓаните не можат да ги поседуваат и она што вие тврдите дека сакате да го постигнете со овој закон, како објаснувате дека во последната акција на Владата при т.н. акција за собирање на оружјето дури 70% од оние кои се појавиле пред вас со нелегално оружје, поднеле барање да го легализираат истото. Дали таа акција беше за разоружување или за легализација на нелегалното оружје? Вие ставате во една подредена ситуација луѓе, даночни обврзници, на нашата земја кои легално поднеле барање до органите на институциите на системот за набавка на оружје, потоа истото го купиле за што платиле данок, а подоцна Владата прави акција за легализација на нелегалното оружје при што 70% од тоа нелегално оружје е побарано да се легализира од имателите на нелегалното оружје. Најверојатно тие ќе го легализираат.

Амандманот кој е предложен е во контекст на правото на носење оружје заради самозаштита, по трет пат ве прашувам, вие на едни им дозволувате да поседуваат полуавтоматски војнички пушки и не кажувате кои се тие луѓе во земјата што ќе ги имаат, знаеме дека такво оружје треба и може да имаат само војниците и полицајците. Ние овде 120 пратеници не можеме да поседуваме таков вид на оружје. 2.400.000 луѓе во Македонија не можат да поседуваат такво оружје, тогаш за кого се наменети овие полуавтоматски војнички пушки, а истовремено на граѓаните на земјата им го одземате правото да носат оружје заради лична самозаштита. Треба да бидете искрени и да кажете дека 70% од нелегалното оружје се легализира и дека некој во земјата, некоја привилегирана каста ќе носи, ќе биде вооружена со полуавтоматско оружје, а верувајте дека сите ние сме алергични и преку глава ни е некој да поседува полуавтоматско оружје, а да не е во системот на вооружените сили. Тогаш кој се вооружува во земјата со таков вид на оружје?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Трендафилов дали можете да зборувате по амандманот, во четврток имаме пратенички прашања, па тие прашања можете да ги поставите.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Јас сум нетрпелив, долго време немавме пратенички прашања.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Еве во четврток ќе имаме пратенички прашања и затоа ве молам зборувајте по амандманот. Ова е трет амандман за кој зборувате во врска со вашиот прв амандман.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Сите амандмани се во врска. Трите амандмани регулираат право на носење оружје за самозаштита.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Прашањата ќе ги сочувате за четврток.

Повелете господине Томиќ, а потоа пратеникот Спиро Мавровски.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Се обидувам да ја разграничам или да ја сватам смислата на поднесениот амандман, имајќи предвид дека колегата Коце Трајановски се произнесе по амандманот и наведе дека ставот 3 од членот 31 треба да се промени така да биде со следна содржина, значи забрането е носење и употреба на оружје на јавна манифестација. Ако е смислата на овој амандман да се зборува за јавна манифестација, истото е содржано во ставот 4 и тоа во последната реченица на страница 16 каде се вели: и други места кои во определено време служат за вакви намени и тоа: земјишта или простории на кои се одржуваат јавни собири, приредби, натпревари и слично. Тоа е тоа што ми се чини, колку успеав да го сватам, амандманот на предлагачите.

Меѓутоа, би сакал исто така предлагачите на амандманот за да на сите ни стане појасно, дали значи дека сите се залагаат ваков вид на легално издадено оружје на граѓаните можат слободно да го користат граѓаните со одобрение на аеродроми, пристаништа, на железнички станици, на автобуски станици итн. Тоа е првото прашање.

Второто прашање би сакал посебно колегата Коце Трајановски да го потсетам дека голем број на кривични дела се вршат и во домовите и на работните места, онаму каде овој закон токму тоа го дозволува. Така што, да не се извлекува контекстот на смислата на овој закон кој се предлага.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Трендафилов имате реплика или збор?

Повелете реплика.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Во овие три амандмани кои беа поднесени почитуван колега Томиќ, во претходниот беше ставена клаузулата, сопственикот на објектот од јавен карактер, без оглед дали станува збор за приватен или за државен објект, има право да воведе забрана за внесување оружје во таквиот објект. На аеродромите некои забрануваат дури и кога се транспортира лично оружје или оружје за спорт да се транспортира патникот и оружјето во истиот авион. Значи, тоа е оставено и претходниот амандман и овој го регулираат тоа право. Сопственикот, без оглед дали станува збор за  приватен или државен објект, раководителто на истиот објект, по сопствено наоѓање, заради безбедност на вработените и на клиентите или на било кој, кој ги посетува тие објекти заради вршење на било какви услуги можат и имаат право да го ограничат внесувањето на оружје, без оглед за каков објект станува збор.

Од друга страна правото на носење на оружје не го исклучува вие да бидете спречен да го внесете истото на начин како е регулирано со интерните прописи сопственикот или одговорното лице. Истовремено не заборавајќи дека ние во оваа дебата сеуште се обидуваме да извлечеме еден многу скромен, но важен одговор од Министерството за внатрешни работи кој во земјата има право да се вооружува со тие полуавтоматски и јуришни пушки. Ние немаме право, никој од нас 120 души нема право тоа да го прави.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Мавровски имате збор.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам господине претседателе, почитуван министре.

Јас би сакал ова што го прокоментиравте и за она што ве прозиваа неколку пати што не го коментиравте, но амандманите се одбиваат и ова што го кажавте како бројки се во контекст на предлагачот. Вие кажавте бројка од некаде 832 случаи, ако добро ве следев, каде има 94 самоубиства, 88 саморанувања и кажавте дека физичките лица во Република Македонија поседуваат некаде околу 144.082 парчиња оружје.

Споредувајќи ја бројката која вие ја изнесовте и оваа бројка од 144 илјади тоа не е ни 1%, туку влегува во водите на 0,63% извршени некриминални дејанија, туку саморанување или самоубиство. Ова што денеска се случува во нашата држава во однос на социјалната ситуација, мислам дека е голем предизвик и во наредните години да очекуваме бројот на самоубиствата дали ќе биде со легално или илегално оружје, воопшто не е битно, дека ќе се зголемува.

Од друга страна се поставува прашањето, кога ние со овој закон воведуваме ригорозни мерки за добивање дозвола за носење оружје, кога се бара полагање на испит, кога се бара знаење за техничка исправност на оружјето и од друга страна бараме лекарски уверенија кои ќе треба да ги прават граѓаните, од друга страна правиме тотална забрана за носење на оружјето освен во сопственото возило. Која е тука безбедноста?

Вие треба да се произнесете за она што се случува во државата, а тоа е употребата на нелегалното оружје и тоа во 90% случаи автоматско оружје кое апсолутно е забрането, со кое се напаѓаат полициски станици, се напаѓаат полицајци, се вршат убиства на улици и се пука кој каде стигне дали е кафеана, биртија, улица, плоштад, апсолутно не е битно, но тоа оружје се употребува.

Значи, илегалното оружје е предмет на она што треба да го забраниме. Ова што е легално оружје вие самите кажувате 0,63%, мислам ако овие мерки и понатаму бидат вакви како што ги предвидувате, во секој случај ќе дојдеме до поинаква ситуација.

На овој начин можеби со дополнувањето и измените на законот за набавување, поседување и носење на оружје кое Владата го предложи со Анекс на членот 17-а во “Службен весник на Република Македонија” од 25.07.2003 година, веројатно не намерно ја усложни и така нарушената безбедносна состојба во државата, а сакајќи да постигне друг ефект кон друга категорија на лица. Значи лица кои легално го поседуваат и носат оружјето на јавни места на овој начин дали намерно, сигурно дека постојат некои индиции дека е дело на поединец или група на лица од Министерството за внатрешни работи оствариле некои бизнис интереси или ненамерно изостанување на правото за носење на оружје со цел обезбедување на јавни места и целата категорија припадници на безбедносниот систем, а кој врши обезбедување на лице, имот во форма на давање на услуги или за сопствени потреби, суспендирано е нивното законско овластување и оневозможено е да ги вршат службените задачи како овластени службени лица, согласно член 17, точка 9 и 10 и член 20 од Законот за обезбедување на лица и имот.

Значи, на овој начин постигнавме една анархија и незаконски потег кој го гледаме денеска, значи од 2003 година се рефлектира со огромна брзина, така што имаме рапиден пораст и на вооружените разбојништва и раст на инциденти со илегално оружје на јавни места од страна на криминалци, од синови на полицајци, бизнисмени.

Затоа јас ќе ве замолам, доколку постои можност, за да се обезбедат дали се пратки, поштенски пратки, парични пратки, едноставно обезбедувањето во секој случај не е во ред и тоа треба да добие свое право, а на овој начин е забранета употреба на носење на оружје на јавно место апсолутно се суспендира и мислам дека е излишно секој граѓанин на Република Македонија да влезе во една ситуација, да поднесе материјални средства, да добие дозвола за носење на оружје и на крајот тоа оружје едноставно да го држи дома и како што кажувате во еден ден да изврши самоубиство со него кога гледа дека ништо апсолутно не се менува во сверата ни на безбедноста ни на социологијата ни на општествениот живот и она што треба да значи напредок во државата. Тука е основниот проблем и мислам дека начинот на кој поодделни агенции функционираат во државата е апсолутно нерегуларен и тоа треба да се гледа и тука е основниот проблем кој се јавува. Во секој случај бројките кои ги изнесувате, апсолутно ја оправдуваат оправданоста за донесување на овој амандман и ваше прифаќање затоа што на тој начин мислам дека и оној што се осмелува, знаејќи дека вие апсолутно сте разоружени, може да дојде до ситуација да потегне по оружје.

Но, мислам дека овој пат требаше вие како министер да го прифатите ова со цел пратениците да не ги носиме во една ситуација на заблуда затоа што гледам и претходните амандмани кои беа доста сериозно разработени и за кои поголем дел од оние здруженија кои се занимаваат со оружје ги прифаќаат и ги даваат, апсолутно беа одбиени.

Затоа уште еднаш мислам имате време, ваша е одлуката да го прифатите сето ова.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Сега ми стана јасно господине Мавровски дека вашиот амандман има малку демократичност, вие сакате да ги направите рамноправни сите граѓани во носење оружје на јавни места. Ова може така да се интерпретира.

Повелете збор има господинот министер за внатрешни работи.

ЉУБОМИР МИХАЈЛОВСКИ:

Ќе бидам многу краток, само почитуван пратеник да ви дадам една бројка затоа што ова што го кажувате не е точно. Вака, во 2003 година има извршено 75 убиства од кои 45 со огнено оружје. По донесувањето на Законот за неносење оружје на јавни места имаме 56 убиства во 2004 година од кои во 29 случаи е употребено огнено оружје.

Сакам да кажам дека ова што го кажувате дека има несигурни граѓани, зголемен е бројот на убиства, воопшто не е точно.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Имате една минута господине Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Ќе бидам и јас пократок од министерот, само не кажавте господине министре дали е ова извршено со легално или нелегално оружје или службено оружје, кој каде пукал и со какво оружје?

Јас кажав дека од овие убиства скоро 90% се извршени со автоматско оружје. Тука е проблемот, автоматското оружје апсолутно никој не го поседува легално.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Ги замолувам пратениците да влезат во салата, треба да пристапиме кон гласање на амандманот или неизгласување.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеника, 8 за, нема воздржан, 49 против.

Службите нека го утврдат бројот на присутните.

(Службите ги пребројуваат пратениците).

Во моментот на гласањето во салата беа присутни 62 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 35 став 3, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за внатрешни работи.

ЉУБОМИР МИХАЈЛОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 39 став 1, поднесен од Комисијата за одбрана и безбедност.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за внатрешни работи.

ЉУБОМИР МИХАЈЛОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 39 став 1, поднесен од пратениците Коце Трајановски и Ѓорѓи Трендафилов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за внатрешни работи.

ЉУБОМИР МИХАЈЛОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен, повелете господине Трендафилов, а потоа пратеникот Коце Трајановски.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Да ги употребам зборовите на почитуваниот колега Макрадули, да ги хармонизираме нашите закони со оние на Европската унија. Во земјите на Европската унија личната сопственост, без оглед за каков вид употребна вредност на истата станува збор, максимално се почитува и е заштитена од законите на државата.

Во таа насока е и овој амандман кој на граѓаните на Република Македонија им дава право по сопствено наоѓање така како што е кажан амандманот, по сопствено наоѓање таа лична сопственост ќе ја доведат на соодветно чување и сочувано на начин што допрва министерот треба да донесе подзаконски акти или Министерството за внатрешни работи ќе им овозможи на истите тие граѓани таа лична сопствност да ја чуваат во сопствениот дом.

Колку за компарација Република Словенија има максимална доверба во своите воени обврзници, им дозволува нивното лично вооружување како воени обврзници да го чуваат во своите домови. И тие имаат несреќни случаи и тие имаат самоубиства, една година беа на врвот на таа трагична лествица во рамките на не на Европската унија, туку на Европскиот континент.

Значи, ако сакаме да ги хармонизираме нашата законска регулатива, тогаш да бидеме искрени и тоа да го правиме така како што треба да го правиме и максимално да го почитуваме правото на располагање со личната сопственост, онака како што сака да располага сопственикот или сопствениците.

Овој амандман е во таа насока да се даде право на избор на граѓаните на Република Македонија, значи член 39, по ставот 1, по зборовите “за што се издава потврда”, се додаваат зборовите “или по избор на потесното семејство на лицето кое починало оружјето може да биде чувано во домот на семејството во специјално изработена пластична кеса која што ќе биде изработена од страна на Министерството за внатрешни работи се до завршувањето на оставинската постапка”. Да не зборуваме само за сентименталната вредност што можеби тој предмет ја има за семејството, туку да зборуваме и за конкретната материјална вредност, затоа што некои се проценети на десетици и десетици илјади евра и луѓето со право не сакаат, можеби покажуваат и одредена недоверба кон органите на институциите на системот, затоа што од време на време ширум ловиштата во земјава забележуваат некои локални началници вооружени, како ловат со оружје што си го препознава сопственикот или претендентот, еден од претендентите на тоа, на таа сопственост.

Значи, граѓаните на земјава имаат право и мора да имаат право на избор како ќе решат да располагаат со личната сопственост. Тоа е и уставна категорија, таа е заштитена со нашиот највисок законодавен акт.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете господине Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе.

Би сакал да се надополнам на дискусијата во врска со овој амандман.

Имено, голем број граѓани кои имаат голем број жалби до Министерството за внатрешни работи поради тоа што оружјето, што било сопственост на починат член на нивното семејство, согласно на Законот за оружје, било дадено во

Министерството за внатрешни работи на чување се додека не заврши таа оставинска постапка. А, таа некогаш трае и повеќе. Нормално и додека не добијат дозвола за поседување на оружје, неговите наследници. Значи, во Министерството за внатрешни работи тоа оружје, поради негрижа, неодржување, неконзервирање многу често и трајно се оштетува или од него недостасуваат некои делови, така што оружјето губи материјална вредност и се намалува неговата ефикасност. Значи оружјето што е семејно благо или семејно-материјално богатство кое што е семејно, материјално богатство на семејството и согласно на Уставот е заштитено, на семејството, се работи, би потенцирал за ловечко и спортско оружје што со генерации можеби наназад се чува во тие фамилии, доколку биде предадено во МВР или е предавано, праксата покажува дека таму нема соодветен начин на чување за да може, кога ќе заврши оставинската постапка и кога членот на семејството ќе добие дозвола да го поседува, веќе тоа оружје да е нефункционално и оштетено.

Од тие причини го предлагаме овој амандман, бидејќи согласно на Европската унија, како што кажа и мојот колега, тоа оружје има начини и можности како да се чува во домовите на починатото лице. Со тоа, фамилијата да се грижи за тоа оружје, сепак тоа оружје да биде конзервирано, одржувано за да може понатаму да биде употребливо.

Сметаме дека со овој амандман ќе исправиме една неправда што се случува при ваквите случаеви кога во семејството ќе почине член кој поседува оружје. Апелираме до парламентарното мнозинство да се прифати овој амандман, со оглед што министерот не го прифати и сметам дека ќе исправиме една неправда што до сега се прави, а сметам дека во иднина нема да биде тоа како што е до сега во Законот.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете, има збор министерот за внатрешни работи.

ЉУБОМИР МИХАЈЛОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Прво, да расчистиме дека не се работи за одземање на право на сопственост, туку се работи кој ќе го чува оружјето до конечен статус на оставинска постапка, односно конечен статус на оружјето, односно човекот кој ќе го поседува понатаму.

Законот е таков донесен, прво за да спречи многу несреќни случаи, затоа што човекот кој повластено го чувал ќе почине. Оружјето ќе остане, да објасниме, кај

лица во семејство кај кои често пати се случува да имаме семејства со лица, членови на семејства кои се деловно неспособни, нестручни, имаме членови на семејства кои се извршители на разни кривични дела.  Кражбите на оружје се исто заради несоодветно, небезбедно чување. .Предмет на кражби се тие оружја. И, што е најважно, бидејќи беше кажано од пратениците дека тие ќе го конзервираат и подмачкуваат и ќе го чуваат оружјето, прашувам кои тие, затоа што тие кои треба да го подмачкуваат и чуваат оружјето и муницијата не се овластени. Значи, не се остручени за да чуваат вакво оружје. Дали тоа значи дека луѓе кои ќе останат во семејството, кои ќе се грижат околу оружјето а не се остручени ќе бидат некоја гаранција и за нивната лична безбедност?

Второ, да ви кажам, бидејќи во амандманот сте кажале дека предлагате оружјето да се чува во кеси, оружје никогаш не се чува во пластични кеси, да ви кажам стручно, затоа што во пластични оружјето самото конзервира и се уништува и како такво тоа никако не држи.

Во Законот е наведено дека Министерсњтвото за внатрешни работи, односно министерот ќе донесе правилник како тоа оружје ќе се чува. Значи и за квалитетот на чувањето на оружјето и тн., ќе се регулира, а со тоа ќе се даде сигурност на граѓаните околу одржувањето и квалитетот на оружјето.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Господине Трендафилов барате контра реплика?

Не, три минути, помалку, само контра реплика, една минута.

Повелете, имате една минута.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Значи, вас само чекор ве дели да почнете да одземате спортски автомобили затоа што управувањето со обично патничко моторно возило и управувањето со спортски автомобил сепак не е исто. Чекор ве дели да почнете да замрзнувате банкарски сметки или друг финансиски вреден имот само затоа што некој во семејството можеби е склон кон коцкање. Чекор ве дели после не знам што да ограничите.

Станува збор за уставна категорија господине министер и ако ние во овој момент немаме решение, можеби треба да размислиме како да најдеме решение, а не да се надмудруваме дека некој бил деликвент во семејството, дека некој бил

деловно неспособен. Во овие 150 илјади семејства каде има оружје, бидете сигурни дека не се сите нездрави.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Прво е господинот Стојаноски, а потоа е господинот Тито Петковски.

Повелете господине Стојаноски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Најпрво, не треба оружјето да го делиме од останатите видови на имот што го поседува оставителот. Што значи дека оружјето е дел од вкупниот имот на оставителот и како таков, судот е тој кој ја спроведува оставинската постапка и врз основа на тоа судот одлучува кому ќе му припадне после завршувањето на оставинската постапка оружјето што претставува дел од имотот на оставителот.

Меѓутоа, овде се појавува еден друг проблем. Проблем во смисла на тоа дали и кои членови на семејството знаат воопшто или дека оставителот има дозвола и поседува оружје?

Второ, каде го чува воопшто оставителот оружјето?

Дали со одредбата од членот 39 што гласи дека “Во случај на смрт на сопственикот на оружјето во рок од 30 дена членовите на неговото семејство и други лица кои со него живееле во исто семејно домаќинство се должни да го предадат оружјето и муницијата на надлежниот орган или најблиската полициска станица”, се имала во предвид и оваа димензија?

Дали ова значи дека кога МВР ќе добие податок дека одредено лице кое е носител на дозвола за поседување на оружје починало, од тој момент кога ќе поминат тие 30 дена, доколку членовите на неговото потесно семејство не знаат каде е оружјето или воопшто немаат сознание дека оставителот поседува такво оружје, ќе има право да влезе во станот или во живеалиштето на оставителот и да го претресува станот и да го бара тоа оружје не знам каде? На овој начин не се регулира целосно оваа област.

Се согласувам со колегите дека треба повеќе внимание да се посвети на ова прашање, затоа што на овој начин се остава голем простор за злоупотреба на овој член, затоа што доколку навистина членовите на семејството на оставителот немаат поим каде се наоѓа тоа оружје, МВР што би правело? Освен да врши претрес и да го бара тоа оружје во домот или надвор од него?!

Се доведуваме во една ситуација каде што навистина, еден добар дел од носителите на огнено оружје, на дозвола за поседување на вакво огнено оружје, кога

ќе починат, Министерството да се појави во улога на истражувач каде се наоѓа тоа оружје, на испитувач на членовите на семејството на оставителот и тоа без никаква вина. Само затоа што оставителот поседува дозвола за оружје.

Овој дел, не само што не е во согласност со Уставот на Република Македонија, затоа што директно се нарушува правото на приватност, правото на почитување на сопственоста, туку доведува во една ситуација во која што Министерството за внатрешни работи може да има големи дискрециони овластувања во овој поглед. Зошто во целата оваа ситуација да не се стави во функција секој оној член на семејството кој претставува можен наследник на оставителот или оној кој претставува тестаментален наследник и во договор со него да се одлучи што ќе биде со тоа оружје. На тој начин сметам дека согласноста на членот на семејството е многу битна работа, при што ќе се испочитува и уставното начело, меѓутоа ќе можат членовите на семејното домаќинство на оставителот да бидат на страна од овие вознемирувања што можат да им се случуваат со испитувања каде се наоѓало тоа оружје, дали знаеле или не знаеле за тоа, со претреси на нивните домови и тн.

Значи, сите овие работи треба да не ги оставаме на дискрециони овластувања на Министерството за внатрешни работи и она што беше кажано, доколиу постои лице кое е оставител, кое навистина нема деловна способност, има точно определени услови под кои и во кои се утврдува дали лицето има деловна способност, дали може да биде, меѓутоа тоа е работа на судот. Тоа не е работа на Министерството за внатрешни работи.

Ние се доведуваме во ситуација Министерството за внатрешни работи, вчера говоревме за личните податоци, сега говориме за сопственост, утре не знам за што ќе зборуваме, навистина Република Македонија се доведува во една ситуација во која што тие дискрециони овластувања на Министерството за внатрешни работи може да добијат загрижувачки размери.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете господине Петковски имате збор.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Почитувани колеги,

Сакам да кажам дека долго време расправавме на Комисијата. Можеби потрошивме два-три дена. Формиравме една работна група што навистина темелно,

заедно со изготвувачите на законот ги претресе сите амандмани, сите членови. Впрочем и за сите други останати амандмани што ги прифати Комисијата доста време потрошивме, како и за овој амандман, во неколку наврати. Навистина го почитувам овој став, секој од нас има право да го брани својот став, но сакам да кажам зошто во Комисијата преовлада убедувањето дека не треба да се прифати овој амандман.

Прво беше што полека, но сигурно треба да градиме еден сосема поинаков однос кон институциите. Цело време говориме дека имаме страв или немаме сигурност во институциите на системот. Во случајот беше акцентирано дека немаме доверба во полицијата и таа не може на соодветен начин да го чува оружјето, како што тоа би го чувало семејството.

Второ, дека тоа се злоупотребува.

Има сосема други членови и во други закони кои го уредуваат прашањето против злоупотребата на оружјето. Ние, наместо да се бориме на тој начин, оние кои го злоупотребуваат оружјето, во случајов полицијата каде што се чува, одиме по полошиот пат, да не се дава воопшто на компетентна институција, лице на чување на оружјето, иако е тоа семејно-материјално богатство. Факт е дека по смртта на сопственикот на оружјето членовите на семејството ниту се толку вични, ниту се толку упатени, ниту толку компетентни да го одржуваат оружјето. Тоа е едниот аргумент.

Вториот аргумент го кажав како прв, да градиме доверба во институциите, доверба во полицијата. Таа дека помага и на граѓаните, како сопственици на оружјето.

Трето, дека станува збор сепак за недовршена постапка, според Законот за оставинска постапка. Сите предмети, неколку се наследници, не се знае на кого ќе припаднат. Може во моментот да се злоупотреби оружјето. А, нашата состојба, па ако сакате и искуството до сега покажува дека многу повеќе се злоупотребува оружјето од семејството внатре, тој кој не е ловџија, тој кој нема дозвола да носи оружје и тн., отколку од полицијата. Јас немам мерка, немам аршин сега да тврдам, бидејќи немаме такво истражување, во цифри, дали повеќе го злоупотребила полицијата, носела туѓо оружје или семејството злоупотребило оружје, го употребило против животот или загрозување на сигурноста на лица од своето семејство, но преовлада мислењето дека сепак треба да градиме доверба кон институциите на системот. Да веруваме дека полицијата им помага на граѓаните и дека ќе се грижи многу подобро за оружјето.

И, второ, да не дадеме можност, сепак некои многу лесно посегнуваат по оружјето.

Главната тема околу која се споревме околу сите овие амандмани, до душа не се споревме, туку се усогласувавме, беше зошто да се спречи, бидејќи непознавањето на законот никого не го ослободува од одговорност, тоа е уставно начело. Како и секој граѓанин, тој не мора сите да ги знае, но основните, за неговите права мора да ги знае.

Зошто толку лесно се употребува оружјето, тоа е нашиот главен проблем. Зошто желбата за насилство, зошто желбата да се има оружје, да се употреби во смисла на лична одбрана и тн.? Зошто толку насилство во македонското општество? Тоа е клучното прашање. А, тоа бара многу комплементарен ангажман. Бара и психолошки и социолошки, па ако сакате и културолошки, сосема друг аспект на согледување на проблемот. И, доколку само така комплементарно се гледа и се преземат многу општествени мерки, и законот ќе биде сосема излишен. Овој закон, во сите други делови и овде сака, се обидува да стави ред и да се гради полека, но сигурно една поинаква безбедносна култура и да се гради доверба кон институциите на системот.

Така што сметам дека направивме максимум се, од сите сугестии, од сите здруженија што беа во вид на амандмани да го направиме она што како мислење преовладува денес меѓу разни асоцијации и здруженија на граѓани и кај нас, како пратеници.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Господине Стојаноски барате реплика?

Повелете, имате реплика.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

За да не се остави впечаток пред јавноста дека главен проблем претставува оружјето што се поседува со дозвола, факт е дека најголем проблем во Република Македонија претставува употребата или злоупотребата на нелегално оружје, на оружје што нелегално се поседува. Затоа, кога дискутираме на оваа тема, сметам дека пред се треба да се искаже ставот дека довербата во институциите на системот граѓаните ја имаат тогаш кога институциите на системот ќе се справат со овој проблем. Ако граѓаните немаат никаква доверба дека нелегалното оружје може да се собере, дека државата може да прави или прави сериозни напори за собирање

на тоа оружје, сметам дека на тој начин не може да се поставуваат работите во контекст на доверба.

Од друга страна, ако граѓаните треба да имаат доверба во институциите на системот, треба и институциите на системот да ги почитуваат правата што ги имаат граѓаните согласно на Уставот и законите на Република Македонија, а тоа е правото на сопствнеост. Тоа е санкционирање на сите оние злоупотреби што се наведени во различни закони, пред се во Кривичниот законик на Република Македонија.

Затоа, кога зборуваме за тоа, треба да зборуваме со податоци за тоа колку од оние кои поседуваат нелегално оружје се санкционирани за кривичните дела што ги направиле со вакво оружје, а колку од оние кои поседуваат легално оружје, членовите на нивните семејства го злоупотребиле и врз основа на тоа се довело до кривични санкции за тие лица.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Контра реплика една минута господине Петковски.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Сакам само да подвлечам дека правото на сопственост воопшто не се ограничува. Само малку се одлага, бидејќи оставинската постапка не се завршува со моментот на смртта на сопственикот на оружјето. Затоа избравме дека е подобро да се чува во полиција, е посигурно место, од сите аспекти за кои што разговаравме отколку да биде дома, а ќе го добие оној наследник за кој семејството ќе се договори или ќе одлучи. Според тоа, не се ограничува правото на сопственост.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор. (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, седум гласале за амандманот, еден воздржан, 52 против.

Во слата се присутни 62 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на членовите 42 став 4, 43 став 2 и 44 став 2, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за внатрешни работи.

ЉУБОМИР МИХАЈЛОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член  45 став 3, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за внатрешни работи.

ЉУБОМИР МИХАЈЛОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстотн на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 81 став 1, точка 1 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за внатрешни работи.

Повелете министре.

ЉУБОМИР МИХАЈЛОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 83 став 1 точка 2, поднесен од Законодавно правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за внатрешни работи.

Повелете.

ЉУБОМИР МИХАЈЛОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 85 став 2, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за внатрешни работи.

ЉУБОМИР МИХАЈЛОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 86 став 1, поднесен од пратениците Коце Трајановски и Ѓорѓи Трендафилов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за внатрешни работи.

ЉУБОМИР МИХАЈЛОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Повелете г-дине Трајановски, имате збор.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе,

Сметам дека овој амандман од овие седум амандмани што ги поднесовме е еден од посуштествените амандмани. Имено, со овој амандман сакаме да направиме измени во членот 86 од Предлогот на законот.

Сега јас ќе го прочитам членот 86 кој вели: “Дозволите за поседување и носење на оружје и дозволите за посдување на оружје издадени по досегашните прописи мора да се заменат најдоцна во рок од една година од денот на

влегување во сила на подзаконскиот пропис за образец на дозволата за оружје, дозволата за поседување на оружје и дозволата за носење на оружје.

Дозволите од ставот 1 на овој член ќе се заменуваат доколку физичкото лице ги исполни условите од член 9 , точките 1, 2, 3 и 4, без точка 5, значи точка 6 и 7 и став 2 од овој Закон односно правното лице ги исполнува условите согласно член 16 од овој закон.

При поднесување на барањето за замена на дозволите од ставот 1 на овој член, физичкото лице односно правнот лице , должно е до надлежниот орган, според живеалиштето односно престојувалиштето на странецот и правното лице, според седиштето, да го донесе оружјето на кое се однесува дозволата, заради извршувањето на пробни испукувања од оружјето”.

На овој член ние имаме амандман кој вели: - во членот 86, во ставот 1 по зборовите “дозволите за поседување на оружје издадени по досегашните прописи, се додаваат зборовите - се заменуваат по автоматизам”. Текстот до крајот на реченицата се брише.

До колку се прифати овој амандман членот 86 став 1 би гласел - дозволите за поседување и носење на оружје и дозволите за поседување на оружје издадени по досегашните прописи, се заменуваат по автоматизам. Останатиот текст до крајот на реченицата, се брише.

Тоа е она суштественото што сакаме да го направиме. Значи, огромниот број на граѓани кои поседуваат оружје, рековме дека се околу 140.000, зборувам за физички лица, дозволите за поседување на оружје и дозволите за носење на оружје ќе мора сега да ги заменуваат и да ја повторат истата постапка што ја имале при добивањето на дозволите за оружје, согласно член 9 од овој закон, а тие услови би биле , да има наполнето 18 години, да не му е одземена или ограничена деловната способност, здравствено е способно да поседува и да носи оружје, не претставува опасност за јавниот ред, значи по точка 5 не треба да ги исполнува условите повторно кој го заменува, а тоа е , има оправдана причина за набавување на оружје, по точка 6, ќе мора да го исполни условот повторно, располага со техничко знаење за правилна употреба, чување и одржување на оружјето и познавањето на прописите за оружје и 7 има живеалиште на територија на Република Македонија.

Доколку не се прифати овој амандман, она остварено право кое го имаат граѓаните на Република Македонија , оствареното право да поседуваат и носат оружје, ќе треба повторно тоа остварено право да го докажуваат. Значи со сите тие услови кои се наброени во член 9 , сите овие точки . Имено, за секоја од овие

точки ќе треба лекарско уверение , уверенија и потврди од различни институции, што значи дека огромен број на граѓани, околу 140.000 ќе бидат подложени на нови трошоци, материјални и временски и на добар дел од нив повторно ќе им се проверуваат и нивните способности. Значи, тоа ќе се прави, согласно овој закон, на пет години. Меѓутоа, имаше измени и се прифати амандманот, на секои 10 години. Јас сметам дека тоа се коси со Уставот, бидејќи еднаш веќе остварено право, повторно да се проверува, јас да не правам динстинкција што би значело тоа и во другите области од животот, докиолку ние како држава продолжиме да го проверуваме тоа право, па ќе може и за возачки дозволи, може и за факлутетски дипломи и не знам за се што уште би можело тоа да се проверува. Значи повторно граѓаните ќе ги доведеме во состојба да бидат зависни од Министерството за внатрешни работи, повторно овие граѓани ќе треба непрекинато да бидат на шалтерите на МВР, и со тоа сметам дека ќе се зголему корупцијата, бидејќи, сепак доколку се дојде на шалтерот, има тука и работи кои се субјективни и во тој случај постои голема основа за подмитување и разни други работи кои не се добри. Со тоа сметам дека и граѓаните ќе ги оневозможиме и ќе ги одвратиме од идејата да поседуваат легално оружје, пред се зборувам за ловечкото и спортското оружје. Значи, ние место да ја поедноставиме оваа процедура за тие нови граѓани кои ќе треба да добиваат оружје, ние ја отежнуваме и на тие кои веќе поседуваат оружје . Пак би потенцирал, нашиот процент , што го кажа и министерот за бројот на оружје што поседува Република Македонија, испод 10% е некаде, значи 7%, а во Европа е 40 или 45 % во просек, поголем е во Нордиските земји. На овој начин ние сепак ќе останеме држава која има многу мал процент на легално оружје и соодветно на тоа, како против рамнотежа, има огромен број на нелегално оружје. Значи ние треба да тежнееме нелегалното оружје да го легализираме. Инаку, во спротивно, доколку ги зголемуваме процедурите, доколку ги повторуваме процедурите како што е на овој начин, сметам дека голем број на граѓани ќе бидат ставени во состојба да прибегнуваат кон нелегално оружје.

Благодара.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете г-дине Блаже Стојановски, пред тоа е пратеникот Најдовски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Се согласувам со еден добар дел од дискусијата на г-динот Трајановски. Сакам само да искажам уште некои работи кои не беа искажани, бидејќи во контекст на овој член ние зборуваме за лица кои легално поседуваат оружје. Значи МВР, на начин кој досега беше присутен при издавањето на вакви одобренија и дозволи, му дала можност на истото тоа лице, кое сега треба повторно да поднесува барање, можност да набави оружје и му дава дозвола за поседување на овој вид оружје.

И покрај тоа што со овој закон се ограничува можноста за носење на оружјето за кое граѓанинот има добиено дозвола, се става уште една брана, односно уште еднаш треба да се повтори таа процедура, освен чинот на купување на ново оружје , затоа што точката 5 од членот 9 што отпаѓа, вели дека има оправдана причина за набавување на оружје, што значи оружјето е веќе набавено, лицето поседува дозвола за ова оружје и сега треба повторно, истиот тој орган кој веќе му издал дозвола за оружје, повторно да ја проверува својата дозвола и своето одобрение за набавка на оружје. Тоа , ако ништо друго претставува една несериозност затоа што МВР има навистина извршено и проверки, сите ние многу добро знаеме како се вршеше издавање одобрение за набавка на оружје, кои услови требаше да ги исполнува барателот и врз основа на тоа да добие можност да поседува оружје. Значи со овој член повторно одпочнува истата процедура.

Имено, ако има веќе набавено оружје и дозвола за оружје, јас не знам која е причината да се бара како услов, при повторното барање, да има наполнето 18 години од животот. Тоа стои како еден од условите за повторно да може да му се издаде дозвола на оној кој што веќе таа дозвола ја поседува, затоа што ако поседува дозвола тој мора да има над 18 години. Тоа е една непотребност.

Втора работа, ако не му е одземена или ограничена деловната способност - ако му е одземена или ограничена работната способност, Министерството за внатрешни работи и до сега, и покрај тоа што има веќе дозвола за оружје, требало да интервенира и да му биде одземена таа дозвола по службена должност. Знаеме кои се законите кои упатуваат на оваа обврска на Министерството за внатрешни работи. Значи и овој услов кој што се наметнува нема апсолутно никаква потреба да стои.

Понатаму здравствено е способно да поседува и носи оружје. Ако е тоа услов, јас се согласувам дека лицето што треба да поседува и носи оружје треба да биде здравствено способно, тоа се докажува со лекарско уверение кое може само да биде доставено до Министерството за внатрешни работи, без притоа да се поднесуваат

посебни барања или некои други процедури, за да може да се обнови, односно да се добие одново нова дозвола за оружје.

Понатаму, не претставува опасност за јавниот ред: лицето кое има добиено ваква дозвола, ако претставува опасност за јавниот ред, тогаш Министерството за внатрешни работи сигурно, односно ако има извршено нарушување на јавниот ред и мир има поднесено или прекршочни или кривични пријави и врз основа на судска пресуда или пресуда која се однесува на прекршочната пријава, која ја доставило Министерството за внатрешни работи, тоа лице може да биде, на тој начин, ограничено во натамошното имање на дозвола за оружје. Значи, и ова како еден аргумент претставува само давање можност на Министерството за внатрешни работи да оценува дали некое лице претставува опасност за јавниот ред или не претставува, без притоа да се води сметка дека опасноста за јавниот ред и мир може да се претпоставува само доколку лицето претходно има направено нарушувања на тој јавен ред и мир, кои што, како што кажав претходно, судот ги утврдува со пресуди.

Располагањето со техничко знаење за правилна употреба, чување и одржување на оружјето и познавањето на прописите за оружје, се согласувам дека треба да стои и тоа може да биде како еден услов заедно со здравствената состојба, што треба да се види и да се оцени од страна на оние кои имаат знаење од оваа област, од комисија која треба да ја формира Министерството за внатрешни работи, меѓутоа, таа комисија треба да оцени дали знае правилно да ракува со тоа оружје, да го одржува и т.н. Тоа не може да претставува услов само за неиздавање на нова дозвола, туку може да претставува услов во кој Министерството за внатрешни работи би му дало одреден временски рок на лицето да се обучи во оваа смисла и да се запознае со прописите за оружје кои преставуваат услов.

Живеалиштето на територијата на Република Македонија е услов за поседување и сега на дозвола, што значи дека тоа не е посебен услов кој што се дава, а доколку е странец и т.н., тоа е веќе друга работа.

Значи оваа одредба за одновно издавање на дозвола на оние кои веќе поседуваат се сведува само на точката 4, односно Министерството за внатрешни работи да добие дискреционо овластување дали оние кои поседуваат легално оружје во овој момент не претставуваат опасност за јавниот ред и мир, што сметам вака како што е сега поставено значи дека се претпоставува недоверба кон лицата кои веќе имаат ваков вид на дозволи.

Од овие причини, сметам дека овој член може да се корегира во насока која што ја кажав, а притоа здравствената способност на лицето да може да биде докажана по пат на лекарско уверение и располагањето со техничко знаење за правилна употреба, чување и одржување на оружјето и познавање на прописите за оружје да може да се утврди од страна на комисија, која до колку лицето кое не ги поседува овие знаења, да може да му даде одреден временски рок во кој тоа би се обучило за прописите односно би се запознало со прописите за оружје или во смисла на чувањето и одржувањето на оружјето за кое поседува дозвола.

Од овие причини, ако навистина се сака да се регулира оваа област, во интерес и на Министерството за внатрешни работи и на граѓаните на Република Македонија, најдобро е да се најде една солуција во која овие две точки би останале како такви, во одреден временски период би се утврдиле овие елементи и на тој начин ќе се надминат фрустрациите кои треба да ги имаат граѓаните кои веќе поседуваат оружје дали ќе добијат или нема да добијат повторно дозвола, дали претставуваат или не претставуваат опасност за јавниот ред и мир и на тој начин и Министерството за внатрешни работи да обезбеди одреден вид контрола во смисла на здравствената способност, во смисла на познавањето на прописите и во смисла на тоа дали за тоа лице постои пресуда од која може да се утврди дека тој претставува опасност за јавниот ред во Република Македонија.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Томиќ, имате реплика три минути.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Колега Стојаноски, треба да чекаме нешто да се случи, па тој што легално со сегашна дозвола за поседување на оружје го направил тоа, да чекаме правосилна пресуда на судот, па дури потоа да ги примениме одредбите на овој закон - апсолутно нема логика.

Јас ќе го кажам следново:

Прво, односите не се еднаш засекогаш дадени и вие во вашиот настап сега пред говорницата кажавте дека може да дојде до промена на деловната способност, може да дојде до промена на здравствената способност и ги наброивте сите оние одредби од членот 9, што се содржани во овој Предлог закон.

Понатаму, амандманот е во директна спротивност со членот 21 на овој закон, каде што беа предвидени 5 години, а сега со измените се 10 години за рокот на важењето на дозволата која се издава од надлежен орган.

Трето, би сакал малку да ве потсетам и да ве вратам барем една година наназад, бидејки добивме податок дека од овие 144.082 издадени одобренија на физички лица за носење и поседување оружје, на пратеничко прашање на еден наш колега добивме еден одговор каде што 1400 одобренија се издадени спротивно на членот 12 од овој закон, односно каде што имаме издадено одобренија на лица кои се правосилно осудени за кривични дела, за лица кои првосилно се осудени за прекршок против јавниот ред и мир и т.н. Сега дали треба по автоматизам или не, одлучете сами, за мене оваа дилема не постои.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Блаже Стојаноски, една минута контра реплика.

БЛАЖЕ СТОАНОСКИ:

Јас би се согласил со колегата да ги споредиме податоците од 1992 до 1998 година и од 1998 до 2002 година и на тој начин да направиме една реална компарација во смисла на издадените дозволи кои изнесуваат, како што кажавте и самите, околу 140 илијади.

Од друга страна, промената на здравствената способност, полнолетноста на лицето, здравствената способност, опасноста за јавниот ред и мир, вие велите дека треба да се чека пресуда на судот. Зборуваме за извршени кривични дела. До колку се извршени, се знае она орудие со кое е извршено кривично дело претставува доказ и како такво се одзема од страна на Министерството за внатрешни работи преку истражниот судија. Зошто Министерството за внатрешни работи се појавува во улога на арбитер во оваа ситуација.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Објавувам пауза до 15,00 часот.

(Паузата отпочна во 14,00 часот)

(По паузата седницата продолжи во 15,00 часот).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Го молам министерот за внатрешни работи да влезе во салата. Пратеникот бара да го образложи амандманот.

Има збор господинот Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам. Почитуван претседателе, почитуван министре, мислам дека овој е еден од клучните амандмани за кој се произнесоа моите колеги и на кои што се

приклучувам и сигурно ќе гласам за. Би сакал да образложам и зошто? Ова што господинот Трајановски го образложи за членот 86 став 1со кој што би ги немало ставот 2 и ставот 3 од членот 86. Всушност за што станува збор? Со овој начин ставот 2 кажува дека дозволите од ставот 1 на овој член ќе се заменат доколку физичкото лице ги исполнува условите од член 9 став 1, точките 1,2,3,4,6,7 и став 2 на овој закон, односно правното лице ги исполнува условите во член 16 од овој закон.

Сега јас би сакал да образложам за што всушност се работи и што всушност членот 86 сака да донесе. Членот 86, значи се повикува на членот 9, а членот 9 од овој закон значи одобрување за набавување на оружје на физичко лице. И тоа значи дека се издава врз основа на претходно поднесено писмено лично барање за издавање одобрение за набавување на оружје ако физичкото лице ги исполнува следните услови.

Под еден, како што кажа господинот Стојановски,  има наполнето 18 години живот, тоа е веќе отфрлена работа затоа што мора да има 18 години живот за да има претходно дозвола. Не му е одземена, или ограничена деловната способност кој што член 9 став 2 е образложено во членот 10 и кажува дека за да имаме докажување на ограничена, или одземена деловна способност ќе треба да имаме потврда издадена од Центарот за социјална работа врз основа на судска одлука. Физичкото лице докажува дека не му е одземена или ограничена деловната способност според член 9 став 1 точка 2 од овој закон. Потврдата од ставот 1 на овој член не смее да биде постара од една година. Јас мислам и досега оној на кој што му е одземена или ограничена деловната способност апсолутно не може да поседува оружје. Значи, тука повторно поставуваме некоја точка која што апсолутно не е потребно за овие што го поседуваат оружјето.

Ставот 3 од членот 9, здравствено е способен да поседува и носи оружје. Значи, здравствената способност за лицата кои што ги имаат овие дозволи се одредува во членот 11 од овој закон што треба да го донесеме, а тој кажува дека се утврдува со лекарски преглед и се докажува со лекарско уверение. Лекарското уверение од ставот 1 на овој член не може да биде постаро од една година. Трошоците на лекарскиот преглед ги сноси физичкото лице. Тука имаме објаснување кој и како ќе го врши лекарскиот преглед. Имаме сознанија дека во предлогот на Владата во тезите на правилникот за содржината и начинот на лекарскиот преглед нагласено е дека меѓу другото лекарскиот преглед ќе се состои од лабораториски испитувања, веројатно се мисли на крв и урина, радиографија на

белите дробови, електрокардиографија. Додека во листата на болести се наведени и некои други лица за кои што понатаму ќе говориме. Мислам дека на овој начин со тоа што допрва ќе треба да се формираат специјални лекарски комисии како што е тоа за возачките испити, сега ќе имаме специјални лекарски комисии кои ќе утврдуваат дозволи и лекарски уверенија за поседување на оружје.

Понатаму, членот 4 не претставува опасност за јавниот ред.

Во членот 12 се објаснува што значи тоа. Значи, овој што го има сега оружјето се поставува во ситуација на оној што го бара оружјето и тука стигнуваме до една ситуација. Физичкото лице правосилно е осудено за кривично дело сторено со умисла кое се гони по службена должност. Ако тоа го има, јас мислам господине министре дека апсолутно оружјето ќе биде одземено и би било одземено пред да бара некој одобрение за продолжување. Физичкото лице правосилно е осудено за прекршок против јавниот ред и мир со елементи на насилство и тоа ако има пресуда е завршена работа. И постојат други околности кои укажуваат дека оружјето може да биде злоупотребено, а особено често и прекумерно консумирање алкохол, или употреба на наркотични дроги и психотропни супстанци, потешко нарушување на односите во семејството, образовната установа или на работното место. Сите овие елементи при добивањето на дозволата досега Министерството за внатрешни работи ги проверувало и ги проверува пред да се издаде било каква дозвола за поседување на оружје. Значи, ако имало правосилност на некое кривично дело, или сторени прекршоци против јавниот ред и мир, мислам дека тоа ќе биде санкционирано и со самата санкција ќе се одземе оружјето. А ова дали некој често или прекумерно конзумира алкохол, или можеби само во едно пијанство да стори многу повеќе отколку некој што често го консумира, мислам дека и досега Министерството за внатрешни работи апсолутно ги проверувало овие ситуации пред да даде било каква потврда.

Отпаѓа ставот 5 каде што стои дека има оправдана причина за набавување на оружје и тоа веќе не е спорно, бидејќи лицето го има оружјето.

Во точката 6, располага со техничко знаење за правилна употреба, чување и одржување на оружјето и познавање на прописите за оружје. Ова се решава со овој закон што е пред нас со членот 14. Членот 14 говори за проверката на техничкото знаење за правилна употреба, чување и одржување на оружјето и познавање на прописите за оружје, а се врши со полагање на стручен испит пред комисија формирана од министерот за внатрешни работи. Стручниот испит се состои од практичен и од теоретски дел. Теоретскиот дел на испитот се утврдува со познавање

на прописите од областа на поседување, носење и чување на оружје и муниција и прописите во врска со правата на употреба на оружјето. Оружјето и муницијата, познавање и укажување на прва помош, а практичниот дел на испитот се содржи со проверка на знаење за безбедно ракување со оружје и муниција и гаѓање во цел, или мета и оценување на резултатите. Значи ова практично оспособување се врши кај овластени лица за што овластеното лице е должно да издаде посебна потврда. За да се добие таа посебна потврда, а imателот на оружјето во оваа ситуација треба да плати. Значи, тоа паѓа на товар на барателот на оружје. Но, од друга страна во овој член 14 во ставот дали е 6 или 7, министерот за внатрешни работи ќе донесе програма за оспособување за правилна употреба, чување и одржување на оружјето. Начинот на спроведување на практичното оспособување за ракување со оружје како и начинот на спроведување на стручниот испит за проверка на техничкото знаење за правилна употреба на оружјето и познавање на прописите за оружје. Значи, за сето ова допрва ќе се донесат подзаконски акти и тоа не е дефинирано како понатаму ќе се одвива. Но, има една друга ситуација. Министерот за внатрешни работи ќе донесе поблиски прописи за минималните технички и безбедносни услови што треба да ги исполнуваат објектите за практичното оспособување за ракување со оружје на правните лица од ставовите 5 и 6 на овој член. Едноставно не само правните лица, туку сите кои поседуваат оружје ќе треба да поминат на овој дел бидејќи практичниот дел на испитот содржи гаѓање во цел, или мета. Јас незнам колку во моментов Министерството за внатрешни работи е спремно 140.000 луѓе да излезат на стрелиштата, колку ги има во Република Македонија вие сигурно знаете подобро од мене и колку се оспособени за ваква работа и тие луѓе да гаѓаат во мети и да го полагаат практичниот дел на испитот. Значи, со овој член 86 и вака како што е кажано кој што се повикува на членот 9 кој што член 9 едноставно важи за оние луѓе кои што уште не побарале дозвола за носење оружје. Едноставно ние поставуваме равенство на некој што го има и на некој што треба да го поседува. Значи, почнувајќи со лекарските уверенија, со барањето на дозволи од Центарот за социјална работа, барањето дека не сте осудувани, дека немате никакви прекршоци против јавниот ред и мир, апсолутно мислам дека не функционира и дека не е во ред. Ќе се јави голем проблем, а тој проблем може да доведе до нешто што не знам министерот и Министерството дали го виделе. Голем дел од овие граѓани кои што го поседуваат оружјето, посебно во овие неколку месеци да пријават дека тоа е изгубено, или украдено и тоа од регистрирано легално оружје да стане нелегално, затоа што се

работи за поголем износ на пари и не само пари, туку за ова ќе треба и време за да се помине целата оваа процедура, да имате нешто што вие веќе го поседувате. Дали е сето ова во ред, која е целта на Министерството и на овој закон. Мислам дека апсолутно не е во ред, можеби е нешто испуштено. Но, во секој случај на овој начин донесувате најмалку 140.000 граѓани во Република Македонија во неправилна ситуација, затоа што нешто што поминале и завршиле и кое што го поседуваат, вие ги терате да дојдат во ситуација повторно на почетокот, освен овој член 5 има оправдано причина за набавување на оружје кое што за мене може само единствено таа да е спорна, дали има оправдано барање за поседување на оружје, но тој веќе го има оружјето и оружјето е купено. И тука завршува приказната. Сите овие други членови мислам дека и ова, со живеалиште на територијата на Република Македонија, ако тоа живеалиште е променето, сигурно дека по сите важечки законски прописи постои дека моравме да најавиме отсуство од два, или три месеци од државата со тоа дозволата повторно не е валидна, има документ во Министерството за внатрешни работи. Значи, на овој начин мислам дека не постигнуваме апсолутно ништо и ред е министерот и покрај неодговарањето на поголем дел од овие амандмани, овој амандман да го прифати во интерес на овие 140.000 граѓани, во интерес на Министерството за внатрешни работи и во интерес на она што треба да значи трошок за овие граѓани за да ја добијат дозволата која што веќе ја поседуваат некои и повеќе од 20, 30 години.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Заради јавноста сакам да слушне колку тие што треба да платат, тие 140.000 луѓе кои што легално поседуваат оружје. Значи, според податоците на Републичката асоцијација за оружје трошоците за обновување на дозволата би изнесувале некаде околу 15.000 денари. Значи, сите оние кои што денес се занимаваат со рекреација, со лов и поседуваат ловно оружје, сите оние кои поседувале пиштол кој што го чуваат дома и никогаш не го noселе некаде, или не го употребувале, а го чувале само како дали спомен на родителите кои што му го дале, или од некои други причини ќе мораат заради овој закон да плаќаат 15.000 денари за да поднесат барање за обновување на нивната дозвола, односно се ставаат во една ситуација во која што никој не води сметка за нивната социјална состојба и за можностите да го направат тоа.

Од друга страна откако ќе поднесат барање откако ќе ги платат овие средства никој не може да им гарантира дека ќе добијат обновување на дозволата која што ја поседуваат, затоа што таа привилегија единствено на овој начин ја имаат лицата кои што се припадници на вооружените сили, полицијата, службата за обезбедување на казнено-поправни установи и други работници на државни органи кои со посебни прописи се овластени да носат оружје, како и лицата кои вршат работи на обезбедување на лица и имот кои што докажуваат само со исправа издадена од соодветниот државен орган дека се овластени да носат оружје. Значи, овде зборуваме за лице, правно, или физичко кое што поднесува барање за обновување на неговата дозвола за приватно поседување на оружје. Значи, овие лица кои што ги наведов, кои што се наведени во Законот се ослободени на овој начин од овие трошоци единствено докажуваат со потврда дека имаат овластување да носат оружје. Од друга страна еден друг аспект на ова прашање. Опасноста за јавниот ред се докажува дека физичкото лице правосилно е осудено за прекршок против јавниот ред и мир со елементи на насилство. Јас овде како правник сакам да истакнам на кој начин Министерството за внатрешни работи ја смета пресудата, односно осудата на одредено лице. Ако осудата се смета само како казна, а не и превоспитување на тие лица, ако не им се даде можност на овие лица за ресоцијализација и согласно член 12, секој оној кој што направил прекршок против јавниот ред и мир со елементи на насилство, а притоа поседува легално оружје, тој нема да може да ја обнови дозволата за поседување на оружје. Истото се однесува и на лица кои што се осудени за кривични дела сторени со умисла, значи, независно од тежината на делото кое што се гони по службена должност. Да ве потсетам, по службена должност се гонат скоро сите кривични дела, освен кривичните дела навреда, клевета и тн., некои кои што се исклучително лесни кривични дела. Значи на овој начин Министерството ќе може да одлучува дискреционо целосно според сопствените убедувања, дали одредено лице е ресоцијализирано, не е ресоцијализирано. И од друга страна да ги утврдува околностите кои што се однесуваат на потешко нарушување на односите во семејството, образовната установа, или на работното место. На кој начин ова ќе го прави, јас незнам, затоа што приватноста на поединецот и на семејството е загарантирана со Уставот на Република Македонија. И ако со овој закон се утврдува дека потешкото нарушување на односите во семејството ќе треба да го утврдува Министерството за внатрешни работи со цел да оцени дали на некого ќе му биде обновена дозволата за поседување на оружје, или нема да му биде обновена, тогаш директно се доведува

во прашање ова уставно начело. Затоа, јас навистина не можам да разберам врз основа на кои уставни овластувања, врз основа на кој закон Министерството за внатрешни работи ќе утврдува дали во едно семејство се нарушени, или не се нарушени односите и тоа да биде причина за некој да може да добие повторно дозвола, или нова дозвола за поседување на оружје, или тоа нема да биде случај. Од сите овие причини сметам дека овој закон навистина треба да претрпи сериозни корекции. И уште една работа која што сакам да ја напоменам, а таа се однесува за обновувањето на дозволите, не се врши автоматски. Значи, многу лесно Министерството за внатрешни работи може да го примени ставот 2 од членот 12 каде што стои дека, ако против физичкото лице во тек е постапка за кривично дело, односно за прекршок, а лицето ги исполнува другите услови за издавање на одобрение за набавување на оружје, надлежниот орган ќе ја прекине постапката за издавање на одобрение до донесување на правосилна одлука во кривичната, односно прекршочната постапка. Ова што треба да значи? Ако некој, независно од неговата волја учествувал на пример во одредена групна тепачка, се нашол на местото на настанот и против него како и против сите учесници на таа групна тепачка се поведува или прекршочна или кривична постапка, зависно од тежината на последиците кои што се случиле. Значи, до правосилното завршување на постапката тоа лице нема право ниту да ја обнови својата дозвола, ниту пак да му се издаде нова дозвола. А што може да се случи и друго? Може Министерството за внатрешни работи многу лесно да поднесе пријави кривични, или прекршочни против одредено лице и до завршувањето исто така на таа постапка лицето да не може да ги остварува овие права кои што ги има согласно Законот за оружје. Сметам дека ова решение и од социјален аспект и од аспект на условите кои што треба да ги исполнува лицето кое што треба да ја обнови легално стекнатата дозвола согласно законот и Уставот на Република Македонија, не само што има ретроактивно дејство, односно се обновува постапката на неуставен начин, туку и се создаваат едни услови во кои што Министерството може да каже многу лесно, не мора толку да се труди и да каже согласно убедувањата на Министерството за внатрешни работи на некого може да му се обнови, или да не му се обнови дозволата за носење на оружје, или да добие, или да не добие нова дозвола за носење на оружје.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине министре, повелете имате збор.

ЉУБОМИР МИХАЈЛОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Чисто да не ја дезинформираме македонската јавност, ниту пак да ја плашиме од некои екстремни трошоци со големи формализации, прво, прочитајте го законот, каде точно и прецизно е кажано околу замената на дозволите што се за поседување и носење на оружје. Сите документи се прибавуваат, значи Министерството ги прибавува по службена должност, освен лекарското уверение, кое што, незнам од каде го извадивте тој износ од 15 иљjади денари. Кога зборуваме овде во парламентот, треба да кажеме точен износ. Врз основа на што утврдивте 15 илјади врз основа на некоја асоцијација што ви кажала таму. Тоа уште не е одредено какви прегледи ќе се вршат за утврдување на здравствената состојба. Тоа е едно.

За продолжување на дозвола сите документи Министерството за внатрешни работи по службена должност ги утврдува околностите, а за лица постари од 65 години е потребно лекарско уверение. Значи ова се што го утврдивте овде не е точно. Мислам дека само се дезинформира јавноста. Замените за дозволите ќе бидат многу лесно обавени. Ние како Министерство сме спремни тоа да го направиме. Се разбира и за продолжување на дозволите.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Голомеов имате три минути реплика.

БЛАГОЈ ГОЛОМЕОВ:

Добро. Се однесува на истото и министерот што го рече. Сметам дека е дезинформација сумата од 15 илјади денари која ќе биде потребна за замена на дозволите. Јас како член на Комисијата за одбрана и безбедност имам впечаток дека овде се демонстрира една недоверба во институциите на системот и факт е дека оваа Комисија два пати заседаваше по овој закон. Јас сум убеден дека ретко кој закон овде се носи со толку широка основа, со учество на невладиниот сектор, со учество на преку 30 спортски стрелачки организации, потоа ловечки друштва итн. Претставниците на Министерството за внатрешни работи покажаа невидена желба, или намера да соработуваат  и да ги расчистиме сите недоумици кои се појавија по однос на ова законско решение и токму од тие причини, оваа Комисија заседаваше на два пати ги испегла 95% сите недоумици кои се појавуваа во однос на Предлог законот за носење на оружје. Инаку, во јавноста се инкорпорирани сите забелешки кои беа од првата фаза. Од тие расправи никаде ние не чувме, ниту дојдовме до податоци дека ќе треба да бидат потребни 15 илјади денари за да се замени дозволата. Факт е едно, дека скоро сите услови кои се предвидени за замена на

дозволата по службена линија ги обезбедува самото министерство. Она што треба да се направи е само да се поднесе барање за замена и што треба да се плати едноставно, новата дозвола која сигурно чини пари. Лекарско уверение кое чини толку, мене не ми е познато, имајќи предвид дека оваа дејност е во постапка да се создаде критериуми што се содржи тоа лекарско уверение, дали пред се ќе ги содржи психофизичките способности на барателот или имателот на оружје. Некој бара продолжување на дозволата. Мислам дека не ни се потребни такви дезинформации, не ни се потребни вакви паушални оценки и со кои само ја збунуваме јавноста и јас би апелирал да не демонстрираме таква недоверба према институциите на системот. Ако некој поединци дошле на нечесен начин дошле до оружје, тогаш тоа е нивен проблем, дали тие ги исполнуваат елементарните услови да го задржат тоа оружје. Меѓутоа, ова е сепак начин кој треба да регулира една многу значајна сфера, а не овој закон за одземање на оружје.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Имате една минута господине Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Господине Голомеов, јас го читам законот кој што ни е доставен и она вие што го зборувате дека се расправало на Комисијата за одбрана и безбедност, ние го имаме добиено во вид на амандмани. Во тие амандмани не стои измена на членот 86, каде што стои дека дозволите од ставот 1 на овој член ќе се заменат, доколку физичкото лице ги исполнува условите од член 9 став 1, точки 1, 2, 3, 4, 6 и 7 и став 2 на овој закон, односно правното лице ги исполнува условите од член 16 од овој закон. Јас ќе ве замолам повикајте се на одредби од Законот што ќе го потврдат она што вие го кажувате. Единствено како амандман е наведено дека условите за продолжување на дозволата ги утврдува надлежниот орган по службена должност. А трошоците, баш сакам да знам колку ќе изнесуваат за лекарско уверение, за потврда за неосудуваност, и оние сите такси кои што треба да ги плаќаат за продолжување на дозволата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе,

Јас ќе продолжам таму каде што господинот Блаже Стојановски застана. Со тоа сакам да го демантирам исказот на министерот дека по службена должност се прибавуваат сите дозволи за продолжување, освен за лекарското уверение.

Значи, како што стои во измените во амандманот 8 поднесен од Комисијата за одбрана и безбедност. Се работи значи по службена должност, само измените се во членот 12. Членот 12 пактично вели се смета дека постои опасност по јавниот ред и мир, според член 9 став 1, точка 4. Само за точка 4 која што вели не пртставува опасност по јавниотред и мир. Само тоа уверение, таа дозвола, само тоа оди по службена должност. Сите останати точки од членот 9, значи од 1 до 7 значи без 5 кои што и членот 86 не ја дава , значи дозволите од ставот 1 на овој член се заменуваат доколку физичкото лице ги исполнува условите од членот 9 став 1, точките 1, 2, 3 и 4. Значи сега и 4 не треба да ја исполни, треба да ја исполни, меѓутоа ќе ја прибавува по службена должност. Пет не претставува значи услов за продолжување. 6 и 7 остануваат.

Значи остануваат и понатаму потврда издадена од центарот за социјална работа сами одат, лекарското уверени сами одат. Физичкото лице  има оправдана причина за набавување. Тоа според члено 86 не треба. Проверка на техничко знаење, исто така останува. Значи сето она освен точка 4 од членот 9. Во секој случај, ќе повторам дека Законот е деструктивен. Значи, не ги стимулира граѓаните на Република Македонија кои што имаат согласно на условите со закон да имаат можност да носат цивилно оружје, не воено или полициско оружје, да имаат големи проблеми за да го добијат, а со овој член дури ќе им се оневозможи, или ќе имаат проблеми тие што го имаат да го задржат тоа оружје.

Се прашувам што ќе се случи на оние иматели на оружје, зборувам за спортско и ловечко оружје, значи, цивилно оружје, доколу не им се продолжи дозволата. Ќе постои голема можност, ќе кажам, притоа ќе се зголемат можностите за корупција при продолжувањето на дозволите, физички тие се прават во одреден процент. А тие граѓани и нивните семејства наназад можеби го поседуваат неколку генерации, вложиле големи средства за ова оружје. Ќе треба да го оттуѓат и при оттуѓувањето ќе се знае дека вредноста не е таа и практично ќе изгубат нешто што им било свето во семејството. Би потенцирал дека доколку некој не треба да ги исполнува тие услови, значи има одредби во Законот, кои што го регулираат начинот на одземањето на дозволите, мислам тоа е членот 40 и кажува во кои случаи се одземаат дозволите. Значи овој закон, сепак, без овој член има начин како овој

систем е запазен. Значи ако некој не ги исполнува и понатаму условите според која ја добил дозволата. Ова во секој случај ќе биде работа на МВР. МВР ќе ги врати и вработените кои што сега ќе патролираат и кои ќе бидат поблиску до населението.

Значу вака, постои системска можност да им се одземаат дозволите на овие граѓани. Ова незнам колкуј е во согласност со препораките на ЕУ, бидејќи повторно ќе повторам уште еднаш земјите во  ЕУ, во просек 30 до 40% од граѓаните поседуваат легално оружје. Не зборувам за воено и полициско оружје, туку зборувам за спортско и ловно оружје. Се прашувам, доколку ние носиме вакви закони, кога ние ќе ја достигнеме таа бројка. Сакаме да влеземе во Европа, но бројките да ни останат македонски.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Интересен е вашиот исказ дека овој закон не ги стимулира граѓаните да носат оружје. Искрено да ви кажам јас не пријатно се чувствувам во држава каде што некој со закон стимулира да се носи оружје. Така рековте вие овој закон не ги стимулира граѓаните. Јас не би сакал да живеам во држава каде што со закон се стимулира да се купува или да се носи оружје.

ЉУБОМИР МИХАЈЛОВСКИ:

Јас повторно ќе повторам дека треба да го прочитаме Законот. Во Законот условите што кажуваат да ви ги набројам таму каде што Министерството по службена должност ги прибавува документите. Значи имате еден од условите да има 18 години и тоа се докажува со лична карта. Не треба трошоци. Дека има живеалиште се докажува со лична карта. Важечката дозвола во членот 15 се бара да има важечка дозвола од ловечко труштво или стрелачки сојуз, за да докаже дека има технички знаења. Зборуваме за замената. И за тоа не треба парични средства, Парични средства треба за лекарското уверение. Да ви кажам за кои се точки се точки треба да има парични средства странката. И да не ја дезинформираме јавноста дека се потребни 15 илјади. Овие сите се документи што ги има во евиденција МВР. Важечката дозвола од Ловечкиот сојуз, од Ловечкото друштво или од стрелачката организација. Тоа се документи кои што лицето ги има при замената. Така да, бидејќи ме прозивате да кажам тоа точно кои документи се без пари.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам, господине претседателе,

Господине министре, повторо говориме паушално. Мислам треба да бидеме конкретни кога говориме дека лекарското уверение нема да биде 15 илјади денари, јас ве прашувам колку ќе биде, бидејќи во членот 11, кој што е составен дел на законот говори лекарското уверение од ставот 1 на овој член не може да биде постаро од една година и после тоа кажувате министерот за здравство согласно со министерот за внатрешни работи ќе ги пропише видот и начинот на вршење на лекарскиот преглед за утврдување на здравствената способност за поседување и носење на оружје. Листата на болести и здравствњени состојби што го прават лицето неспособно за поседување и носење на оружје, како и начинот и постапката за издавање на лекарското уверение. Значи вие сега настапувате паушално дека тоа нема да биде 15 илјади денари. Јас верувам дека ќе биде 15 илјади, може да биде и 20 илјади, но колку ќе биде, дали ќе биде 10, 12 илјади. Едно обично лекарско уверение е сега помалку од 6000 за возачка дозвола да можете да добиете. Затоа да не ја замајуваме сега јавноста дека ќе биде и лекарското уверение бесплато, а вие уште не знаете што ќе треба лекарската комисија да испита. Давате значи паушални оценки. Кажувате за членот 14.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Мавровски, вие реплицирате. Тоа е реплика бидејќи вие не зборувате по амандманот, вие реплицирате на министерот. Ако е реплика, вие имате три минути.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Добро, доволно е толку. Во ред. Другата паушална оценка во членот 14 зборувате дека практично оспособување за ракување со оружје ќе добијат физичките лица од спортско друштво, или ловечко друштво. Се работи за оние што не се члеови на стрелачко или на ловечко друштво. Како тие ќе добијат потврда. Значи повторно важи ова. Во членот 14 ставот 10 каде што пишувате во ставот 8 дека одобрувањето ќе се наплати, а од друга страна по ставот 10 се кажува министерот за внатрешни работи ќе донесе програма за оспособување, за правилна употреба, чување и одржување на оружјето, начинот на спроведување на практичното оспособување, како и начинот за спроведување на стручниот испит за проверка на техничкото знаење. Значи овие што не поминале низ овие ловечки или стрелачки друштва и не можат да добијат таква потврда, што со нив? Значи со овие останати членови вие ги упатувате на техничко полагање на испити кои што сеуште не знаете како ќе изгледаат. Затоа да не бидеме многу уверени во нешто што не држи.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине министре повелете.

ЉУБОМИР МИХАЈЛОВСКИ:

Ве молам вие зборувате за членот 14 каде што за прв пат се стекнувате со дозволаОвде зборуваме за замена на дозвола, која веќе ја имате и за која е кажано во член 15. Затоа кажувам читајте добро. Ова е опфатено во член 15. Таму тие луѓе што имаат ловечки пушки, ловечко оружје, не може да го имаат и во досегашниот закон, без да се членови на некое ловечко друштво, или пак да се во стрелачка организација. Значи, не го читајте членот 14 за прв пат кога ќе побарате да имате дозвола. Зборуваме за замена.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Гештаковски.

КИРО ГЕШТАКОВСКИ:

Во интерес на вистината слушам тука веќе половина час се расправаме околу цената на чинење на лекарското уверение. До пред две години ги издавав тие уверенија и тврдам дека најскапото лекарско уверение се однесува за возачки дозволи и изнесува 2000 денари.

Ова лекарско уверение за способност е од 1000 до 1500 денари, во зависност од здравствената установа како која ги има регулирано. И да не манипулираме 15 или 20 иљјади. Између 1000 и 1500 ќе биде.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас да бев на ваше место господине Гештаковски ќе кажав милион денари ќе биде лекарското уверение. Да биде јасно колку чини.

Повелете господине Оровчанец имате збор.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Би сакал да се осврнам на овој амандман во позитивна смисла на некој начин и министерот да прифати некои работи, затоа што мора да направиме дистинкција меѓу она што е прво земање на дозвола за оружје и она што значи пререгистрација, или на некој начин во овој амандман гледаме дека тој процес станува многу посложен и се сведува малтене, повторно на првото барање, односно како за прв пат да земате дозвола. Значи дистинкцијата мора да стане појасна, што не значи

господине претседателе стимулирање за вооружување, меѓутоа, треба да значи стимулирање за легализација на оружјето.

Со еден ваков член, мислам дека во одредена мерка може да дојде до една негативна појава, а тоа е еден голем број на тие кои што треба да се пријават за нова дозвола, во рок од година дена, може едноставно, да го изгубат оружјето, или незнам што да се случи, па сето тоа оружје да премине во илегала и да стане илегално.

Она што би требало да се потрудиме, барем кога зборуваме за амандманот, да се најде една солуција, целата таа постапка да стане на некој начин по автоматска и да не се доведуваме во ситуација, на пример, во некоја следна фаза за возачките дозволи, ако го смениме клишето да бараме сите да имаат и ново лекарско уверение, затоа што ќе се внесат таму и други елементи.

Што се однесува до цената на лекарското уверение према она што беше набројано од испитување на респираторни параметри до лаборатории и не знам што, јас го убедувам господинот Гештаковски дека оваа цена нема да биде мала, затоа што цената на лекарските уверенија се формира на друг начин и трошоците за нивното издавање се приватни, не ги сноси Фондот за здравствено осигурување.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Инаку, јас не правам разлика помеѓу стимулирање за легализација и стимулирање за ново оружје, бидејќи оружјето си е оружје, на крај.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата, бидејќи треба да гласаме.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, 10 за амандманот, 47 против, воздржани нема.

Службите, молам да го утврдат бројот на присутните пратеници.

(Службите го утврдуваат точниот број на присутни пратеници).

Во салата беа присутни 63 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 86 став 3 поднесен од пратениците Коце Трајановски и Ѓорѓи Трендафилов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за внатрешни работи.

ЉУБОМИР МИХАЈЛОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Повелете господине Арсовски, имате збор.

(Пратеникот Арсовски вели дека е грешка).

Господине Трендафилов.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Јас не сум грешка. Брзоплетоста на Министерството за внатрешни работи дека за овој закон не се ... (реакција на некој од пратениците во салата) така кажа колегата,

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Тој рече грешка затоа што притиснал на копчето, не рече дека тој е грешка. Вие ако сте грешка ...

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Се извинувам. Значи брзоплетоста можеби на Министерството за внатрешни работи, на крајот на Предлог законот за оружје каде што тврди дека за овој закон не се потребни дополнителни средства од Буџетот на Република Македонија кои се на товар или на Буџетот или на локалната самоуправа, кажува дека многу, многу и не се замислиле тие на средствата и трошоците или евентуалните непријатности кои ќе ги имаат граѓаните, бидејќи не ги спомнува. Значи, Министерството, повереници те на Владата и на работната група при Комисијата за одбрана и на Комисијата за одабрана кажаа дека немаат средства за барањето од страна на пратениците на ВМРО дека во Министерството за внатрешни работи не може да постои балистички отпечаток, чаура, зрно или било каков предмет земен од лице кое поседува оружје во вид кој можел да послужи како материјален доказ во евентуална постапка.

Се обидовме да укажеме на повереници те на Владата дека на тој начин, дека и тие самите во евентуални истражни дејства кога се во прашање крвни деликти ќе се соочат со проблем затоа што истражните органи на земјава, полицијата и Јавното обвинителство на судот ќе треба да докажуваат дека навистина такви материјални докази тие не ги подметнале. Одбраната секогаш ќе го користи тој аргумент што ќе ја оневозможува квалитетно постапката на органите на прогонот.

Тврдењето дека немаат соодветна техника апсолутно не е прифатливо за пратениците и доколку колегите од парламентарното мнозинство бидат малку

повнимателни, просто кажано во Министерството за внатрешни работи од секој пиштол, ќе се чува зрно и чаура. Значи, овој закон не го носиме ние почитувани дами и господа за да ги заштитуваме криминалците. Ние овој закон го носиме за да регулираме на најнормален начин една појава во Република Македонија како што е впрочем и секаде во светот.

Постојаното инсистирање од страна на Владата за нелегалното оружје, постојаното инсистирање за криминалот, апсолутно нема врска со целите на овој закон. Значи, овој закон е за граѓаните. Никаде во текстот на законот не пишува за криминалците. Не пишува дека криминалецот е должен да донесе таков и таков документ. Пишува граѓанинот, сопственикот на дозволата за оружје, сопственикот на оружјето. Ќе направиме опасен преседан доколку дозволиме, можеби пратениците кои се правници подобро ќе сватат, доколку и дозволиме на полицијата да располага со зрна и чаури од оружјето, и какви  непријатни реперкусии може да се појават, а овде постојано некој не убедува дека треба да имаме доверба во институциите на системот без притоа ниту еднаш да не се запраша што е со довербата од истите тие институции кон граѓаните на земјава. И, во таа насока е поднесен овој амандман.

Било што да прави Министерството има право да има отпечатоци, но отпечатоците не смеат да бидат во вид и на начин истите да бидат искористени или евентуално злоупотребени во истражна постапка.

Амандманот е многу едноставен. Доколку Министерството не постапело на начин како што постапи и предвидело финансиски средства мислам дека до овој проблем немаше да дојдеме. Единствените финансиски средства кои ќе бидат како последица со донесувањето на овој закон се, без оглед дали ќе бидат две, осум, петнаесет илјади денари, ќе бидат во секој случај на товар на граѓаните. Ниту локалната самоуправа, ниту Националниот буџет ќе биде оптоварен. Но истовремено и Министерството за внатрешни работи треба да свати дека не може туку така едноставно да се дозволи во полицијата да се чуваат материјални докази.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 10 за, 1 воздржан, 50 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Повелете господине Даневски, имате збор.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Господине претседателе, дами и господа пратеници, господин министер,

Како член на Комисијата за одбрана се договоривме дека сите пратеници ќе дадеме голем допринос за овој законски проект да го збогатиме, да го направиме таков каков што бараат, да кажам сите оние нови барања, нови позитивни искуства од Европа, да биде на ниво, на ранг на закон кој со сите компаративни искуства од Европа, да го донесеме, модерен.

Се договоривме и сите имавме задача да помогнеме во самиот текст и Комисијата како таква даде повеќе амандмани, што во принцип Комисијата за одбрана и Законодавно-правната комисија дадоа добар дел амандмани, кои министерот ги прифати и сега доаѓаме до една малку специфична ситуација, бидејќи министерот прифати некаде околу 30 амандмани, целиот текст во суштина е изменет. Во суштина е подобрен и изменет. Сега ќе биде малку потешко да дискутираме затоа што со прифаќањето на голем дел на амандмани суштествено се менува и она што беше генерална забелешка од Комисијата и од членовите е сега вграден во новиот текст со прифаќање на амандманите. Ова во пракса доаѓа како лошо искуство за сите законски проекти затоа што сега ние работиме по овој терк на нов Деловник, дека прво треба да ги гледаме амандманите, а потоа да биде општа расправа. Мислам дека ова е нелогично, но така се работи и мислам дека оваа пракса Собранието треба да ја надмине.

Се договоривме дека овој закон ќе биде закон за воспоставување на ред во државата. Во основа ова прашање немаше никаква забелешка. Во Комисијата се договоривме дека треба да се има доверба кон институциите и многу колеги пратеници имаа свое видување дека има голема скепса спрема довербата на институциите. Ова го зборуваме не случајно, го зборуваме затоа што сме сведоци на секојдневни разбојништва, злоупотреби, и од тие причини ние сакавме да наметнеме едно размислување и до Министерството за внатрешни работи дека граѓаните треба да се чувствуваат побезбедни. Природно се наметнува прашањето...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Даневски, две минути вовед е доволно, ве молам, по текстот на законот.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Загревање, не зборуваме, загревање господине претседателе, треба повеќе време.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

По текстот на законот ве молам, бидејќи вие зборувате за тоа што сте се договориле, како сте се договориле, конкретно по текстот на законот, по кој член мислите да дадете допринос со вашите дискусии. Општа дискусија имавме во прва фаза.

Јас се согласувам со вашата забелешка дека малку е нелогично, но тоа е тоа, Деловникот.

Повелете.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Вака сега господине претседателе, не треба да се навредуваме, не е момент.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас воопшто немам намера.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Мислите дека ова е комплимент.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Да. По текстот на законот.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

По самиот текст на законот мислам дека нелогично би било сега да дискутираме затоа што сега треба да дадете пауза ако сакате да бидете до крај принципиелни, да се направи пречистен текст, па потоа да дискутираме по пречистениот текст, затоа што има многу измени. Како ние сега ќе видиме, дали ни се усвоени или одбиени амандманите. Каде е сега логиката на дискусијата, еве. Ајде, убедете не како пратеници.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Еве сега ќе ви кажам, затоа е нелогично. Прво отворам расправа по текстот, па ги читам амандманите, па потоа по текстот на законот. Тоа има некоја логика бидејќи амандманите ќе го изменат законот и затоа имате право да дискутирате по текстот на законот. И вие сега не сте во право затоа што велите пречистен текст. Затоа сега имате право да дискутирате по текстот на законот. А, вие не дискутирате, вие дискутирате што сте се договориле на Комисијата за одбрана и безбедност. Вие сега имате текст на закон, можеби 90% е сменет со амандманите, дискутирајте по текстот на законот.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Сега испаѓа дека не ја разбирате проблематиката за овој закон, во ред, се согласувам.

Општа констатација беше дека овој закон, кој функционира е некаде од 1972 година и сигурно се договоривме дека овој закон треба да кореспондира со законите на Европската унија. Законот за оружје кој е донесен некаде 1972 година од денешен аспект е застарен и во техничка и во концепциска смисла. Тој е производ на политички и економски реалности и внатрешни односи и интереси на Републиката и покраините кој беше некаде во СФРЈ.

Во принцип секој закон за граѓанско оружје ги третира прашањата поврзани со ловечкото и спортското оружје наменети за граѓаните за потребите на ловот и спортот. Сепак во изминатиот педесет годишен период голем дел од граѓаните на Република Македонија преку овој закон не можеа легално да си го остварат правото да набават оружје за лов и спорт.

Инаку, во принцип ги исполнуваа пропишаните законски услови. Причините за тоа беа дискреционите права во Министерството за внатрешни работи при одлучувањето дали лицето кое поднело барање за добивање на дозвола и набавка на оружје е подобно или неподобно за поседување на оружје врз основа на јавната процедура и критериуми.

Во услови на демократија на повеќепартиски систем дискреционите права на Министерството за внатрешни работи при одлучувањето за издавање на одобрение за набавка на оружје по 1990 година се претворија во совршен механизам за мито, корупција, разни ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Даневски дали вие дискутирате за потреба од носење на закон или дискутирате по текстот на законот.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

По текстот на законот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Мојата проценка е дека дискутирате за потреба од носење на закон, затоа што спомнувате какви решенија имало во законот 1990 година, 1992 година. Ве молам, ова е втора опомена. По третата опомена ќе ве прекинам иако сме добри колеги. Сепак, Деловник си е Деловник.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Сега малку ме доведувате во незгодна положба господине претседателе. Постојано мене ме прекинувате. Ако сме добри колеги, значи глумите, значи не сме добри колеги, ме мразиш. Како да разберам јас сега. Постојано ме прекинувате, а добри колеги сме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Морам, бидејќи не се држите до Деловникот. Текст на закон имаме пред нас.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Како да зборувам по текстот кога не ми давате, ме спречувате.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Па, не можете вие половина час да имате увод, имавте две минути увод ...

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Тоа е мое право.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Мое право е да ве прекинам. Продолжете.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Е, кој може сега вака да дискутира, во вакви услови. Ама, добро, немојте да ме деконцентрирате. Не, не е готово.

Сакавме да оперираме со бројки и цифри во дадениот законски проект. Мислам дека мора да спомнеме, дадено е и во самиот законски проект, колку Македонија има легално оружје затоа што ние се доведуваме, за некои работи што ги зборуваме тука за употреба односно за злоупотреба на нелегалното оружје.

Во дадените извештаи стои дека Република Македонија некаде има легално оружје 139.854 парчиња од кои 16.139 парчиња оружје кај правни лица. Ловечки пушки сачмарки 70.545, кај правни лица 439 пушки. Комбинирани ловечки пушки 391 парче. Полуавтоматски ловечки пушки 148. Ловечки карабин ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Даневски, тоа пишува во текстот на законот.

Господине Даневски последна опомена од моја страна.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Не, господине претседателе да не ги нарушуваме односите, се откажувам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Господине Трендафилов имате збор и ве молам по текстот на законот.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Две недели зборуваме за текстот на законот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За текстот на законот, кој член.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Сите членови ги разгледавме и на работната група и на Комисијата за одбрана, се обидовме и малку отворивме расправа во завршните и во делот во Предлог законот кој зборува за целите кои треба да бидат постигнати со овој закон. Бидејќи веќе зборував и на седницата за сите амандмани, јас ќе зборувам за крајот на Предлогот на законот, значи за целите кои треба да бидат постигнати. За жал целите нема да бидат постигнати кои се наброени во Предлог законот од Министерството за внатрешни работи и од три основни причини.

Прво, ние не успеавме иако 3-4 дена дискутиравме во Комисијата за одбрана во целост, ако веќе не успеавме во целост, барем да го сведеме на минимум дискреционото право на полицијата. Не успеавме да ја заштитиме уставната категорија на поадекватен начин, уставната категорија, мислам на принципот на неприкосновеност на личната сопственост и не успеавме да ја смениме филозофијата, политичката филозофија на предлагачот, дека законот е за граѓаните на Република Македонија, а не за криминалците и не за оние што поседуваат нелегално оружје. Денеска четири пати со министерот се обидовме да добиеме еден одговор, тој или не знае или не сака да каже. Во завршните одредби и во целите што треба да се постигнат посебно се кажува кој може да побара дозвола за оружје. Инаку, да ви кажам почитуван господине министер 4230 парчиња полуавтоматско оружје се во сопственост на правни лица. Тоа претпоставува дека тие се најверојатно агенции за обезбедување имоти и лица. Бидејќи таков вид оружје е забрането за граѓаните на Република Македонија, а иако и самите во текстот на законот се повикувате на уставната категорија и на животот како неприкосновена категорија и во тие рамки секој има право да побара дозвола за поседување на оружје. Јас навистина не можам да сватам зошто со овој закон не се елиминира правото и на правните лица да користат полуавтоматско оружје од едноставна причина што на овој начин, бидејќи господинот Јордановски зборува во таа насока дека оружјето е оружје, сепак не е сеедно, кога вие ќе пронајдете кај еден човек, па нека биде нелегална ловечка пушка или кога ќе најдете автоматска пушка.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Трендафилов, морам да бидам принципиелен према сите. Вашата дискусија наличува на дискусијата на господинот Даневски и затоа ве молам, држете се за текстот.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Зборувам за целите кои треба да се постигнат.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас ја сваќам вашата, да кажеме, еквилибристика со целите.

Имате текст на закон. Ве молам, зборувајте по текстот на законот, а кога ќе кажете нешто, кажете ми го членот со што ќе го поддржите тоа ваше тврдење.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Вториот амандман со кој се забранува користење и употреба надвор од вооружените сили на полуавтоматско оружје. Сега зборувам за тоа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не зборувам за тоа, зборувајте за член. Кој е тој член?

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Не успеавме да го елиминираме полуавтоматското оружје кое може да го поседуваат само припадниците на војската и на полицијата.

Јас не знам дали сте свесни дека не е ограничен бројот колкумина можат да бидат вработени во агенцијата, но претпоставете дека во овие 4230 парчиња полуавтоматски војнички пушки се во рацете, на пример 1500 од нив, на вработени во една агенција. Како тогаш вие ќе ме убедите да имам доверба во институциите на системот кога јас полуавтоматска пушка и доверба во системот ги врзувам само со војник или полицаец. Не можам да прифатам нив да ги носи приватно лице, физичко лице кое работи во приватна агенција за обезбедување.

Исто така вие господине министер цело време зборувате за криминалитетот и се спротивставувате на амандманите во претходната расправа со некаква компаративна анализа...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Трендафилов со амандманите завршивме, ова не е време на реплика.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Јас сакам да го изложам она што јас како податоци го имам. Да кажам дека не можат да се најдат во целите кои ги предвидува Владата...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Побарајте ги во членовите на законот. Кажете директно тој член на законот не дозволува тоа...

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Според член 22 од предложениот законски текст правните лица можат да формираат сопствена приватна полиција бидејќи имаат во просек 4230 полуавтоматски или автоматски пушки. Јас не можам да го имам тоа, вие не можете да го имате, ниту било кој од овие 120 пратеници. Тоа ако го имате вие не е регулирано, 124 се во посед на физички лица, ако сте еден од тие 124.

70% од нелегалното оружје се легализираше со последната акција на Владата. Замислете од тие 4230, без малку 3900 пушки кои вашиот претходник ги кажуваше 1200 беа воздушни.

Помошник министерот кој го советува и овој актуелен министер за внатрешни работи, го советуваше и претходниот министер кој го подготвуваше законот за државјанство, но кога си заминуваше, да не му се случи и на овој министер за внатрешни работи кога ќе си заминува да каже, бидејќи господинот Костов кажа дека Законот за државјанство е вон правниот систем на Република Македонија, да не каже и овој министер дека законот за оружје е вон правниот систем. Значи вие ги штитите 4230, да ве потсетам господине Јордановски дека во Собранието има допис каде што неколку граѓани, државјани на Република Македонија во свој допис го известуваат Собранието и Постојаната анкетна комисија дека во нивните домови физички упади и застрашување и апсење, приведување извршувале луѓе припадници на агенција за обезбедување.

Ако ја видите огнената моќ и бројноста бидејќи 2007 година ќе биде потполно професионализирана Армијата колку луѓе ќе брои Армијата, погледнете ги овие 4230 пушки, а колку ќе набават до 2007 година овие агенции. Дали во Република Македонија на сила стапува приватна војска и полиција или што. Законот ако важи треба да важи за сите. Токму заради тоа ние остро се спротивставувавме да се дозволи купување полуавтоматско оружје во Република Македонија. Таков вид на оружје може да има само војската и полицијата, но очигледно политичката филозофија на предлагачот е искривена, поаѓа од Законот од 1972 година, тој треба да биде ригиден, сите граѓани во земјата се сомнителни особено оние што ќе побараат да набават и да...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Трендафилов.

Има збор господинот Томиќ, а потоа нека се подготви пратеникот Коце Трајановски.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Почитуван претседателе, почитуван министер, почитувани колеги,

Ќе се задржам само на четири члена од овој исклучително важен закон.

За разлика од моите претходни колеги јас можам да кажам дека имаме еден мошне современ европски закон со што се доближуваме и имаме една хармонизација во овој дел на областа за која зборуваме. Затоа реков дека ќе бидам конкретен и ќе зборувам само за четири члена од овој текст на Предлогот на законот.

Она што навистина го прави овој закон квалитетен содржано е во повеќе одредби, меѓутоа најдобронамерна една препорака до министерот за внатрешни работи е да обрне внимане на член 1, став 2, каде што се зборува околу оние прописи кои што се однесуваат на кои лица и институции не се однесува овој Предлог на закон. Значи, посебно да ги има предвид одредбите содржани во овој закон и сходно на овие одредби истите да ги применува, се разбира во оној дел кој што е задолжителен, како и граѓаните за што зборуваа дел од моите колеги би се чувствувале навистина рамноправни.

Односно законот до крај да биде почитуван за да не се доведеме во ситуација на злоупотреби одредени кон одредени институции на овој систем. Она што посебно сакам да го потенцирам е членот 6, за кој што мислам дека е еден квалитетен исчекор кога зборуваме за национален каталог околу прибавување на видот, содржината на самата муниција односно орудието кое ќе се прибави. Мислам дека овде и предлагачот, Владата на Република Македонија и самото Министерство за внатрешни работи со овој чекор прави еден крупен напор во регулација на она што значи кои стопански субјекти можат да прибавуваат, набавуваат, продаваат и тн. разни видови на орудија.

Членот 9 содржи одобрение и мислам дека сите седум подточки што се содржани во овој член зборуваат за една квалитетна работа околу тоа кои се условите кои треба да ги прибави едно физичко лице, граѓанин или правен субјект доколку ги исполни истите и да го прибави одобрението за носење, поседување и користење на самото огнено оружје.

Меѓутоа, јас кажав и во расправата по текстот на амандманот во една моја реплика, она што посебно ме загрижува е членот 12 од овој текст на закон. Тоа е, сведоци сме и за жал, на едно пратеничко прашање не ми е одговорено, затоа уште

еднаш ќе го потенцирам дека голем број на дозволи се дадени на лица кои се познати сторители на кривични дела, познати прекршители на јавниот ред и мир или познати личности кои конзумираат одредени психотропни супстанци, дроги, алкохол и др.

Мојa заложба е, а со тоа мислам дека давам еден квалитетен придонес вакви случаи во иднина да не се случуваат никогаш повеќе. Имено, токму од такви лица на кои им било често пати во минатиот период дадено вакво одобрение има извонредно голем број на кривични дела и јас сум навистина задоволен што овој предлог-текст на закон за оружје ја регулира оваа работа.

Сметам дека и пратеничката група на СДСМ во целост ќе го поддржи овој Предлог на закон.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, повелете господине Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе.

На крај јас би кажал неколку збора по текстот на законот. Имено ова е конечен предлог на текстот, втора фаза по неприфаќањето на амандманите и сега имаме еден конечен текст кој е пред гласање, нема веќе измени во него.

Уште еднаш сакам да потенцирам дека овој текст на законот во добар дел е ригиден. Не е во согласност со директивата на Европската унија број 477/91, директивата за оружје.

Исто така ќе напоменам дека согласно на усвоените амандмани, член 21, во првичниот текст беше предвидено да биде на пет години рокот на важење на дозволата и добро е што Министерството за внатрешни работи го прифати предлогот рокот да биде 10 години, меѓутоа сепак сметам дека ова важење требаше да биде неограничено, бидејќи има членови во законот кои што го регулираат начинот на одземањето на дозволата во случај кога се менуваат условите под кои што е дадена дозволата. Значи системот е затворен, не е отворен, така да непотребно е ограничувањето на 10 години во член 21 и кажав кои се сите тие негативности што произлегуваат со повторната пререгистрација на дозволите за оружје, меѓутоа конечниот текст е таков каков што е.

Исто така за продолжувањето на дозволите уште еднаш ќе констатирам дека не е добро што остана онака како што е. Во поголем дел луѓето кои поседуваат оружје, околу 140 илјади иматели на дозволи за оружје ќе мора повторно да ја продолжуваат дозволата со што добар дел од дозволите или условите ќе треба

повторно да ги обезбедуваат, што значи процедурата ќе ја обавуваат и голем дел од документите ќе мора пак сами да ги обезбедуваат.

Што е најважно, во текстот на Предлогот на законот што е конечен, не успеавме со амандманите тоа да го промениме, не се прави разлика меѓу граѓански и воено полициско оружје. Ставено е во еден ист контекст и тука е на некој начин на граѓаните, на пратениците да проценуваат која е разликата од член до член или во рамките на членовите разликата измеѓу граѓанско и воено полициско оружје. Мислам дека ова е една од суштинските грешки која што не успеавме да ја исправиме.

Исто така би потенцирал дека е добро што беа консултирани невладините организации, посебно на Комисијата за одбрана и безбедност и добар дел од нивните забелешки се прифатени, меѓутоа не се прифатени суштинските за одредени делови да се направи и компромис.

Значи сметам на крајот дека со ова се стимулира набавката и поседувањето на нелегалното оружје. Сметам дека не е добро за Република Македонија, законот е ригиден, рестриктивен или не се стимулираат граѓаните да набавуваат и поседуваат со дозвола легално оружје, што сметам дека би било голема придобивка на Република Македонија и голем плус кон приближувањето кон Европската унија.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете господине Даневски.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Строго по текстот.

Член 7, мислам дека министерот направи добра работа што го прифати амандманот на Комисијата и моја заложба и уште на тројца пратеници во Комисијата беше посебно за набавката на физичките лица при купување, односно поседување на ловечко оружје да купуваат оружје односно муниција. Физичкото лице може да поседува муниција, тоа беше ограничено. Заслуга направивме тоа што, посебно зборувам за ловџиите, беше дадено набавка на 50 патрони или куршуми и мислам дека направивме исчекор напред со тоа што се зголеми од 50 да може да се набават 100, а за ловците неограничено количество на патрони.

Во членот 8, одобрението за набавка на оружје може да се издаде на физички лица заради заштита на нивниот личен имот, за лов... мислам дека Министерството за внатрешни работи треба да направи исчекор повеќе, затоа што ако ги гледаме компаративните параметри во светот ќе видиме дека Македонија при набавка или

при поседување на вкупен број на оружје се наоѓа некаде со 7% на самиот крај во светски размери, меѓу последните држави. Ако направиме една паралела, на пример САД број на население 280 милиони жители поседуваат некаде 232 милиона парчиња или 83% поседуваат оружје. На второ место е Швајцарија. Од 7 милиони жители поседуваат некаде 3 милиони парчиња или 50%, па доаѓа Шпанија, Италија. Италија е 51 милион а има 23 милиони парчиња што е некаде 46%. Во просек се зема дека во Европа и во развиените држави граѓаните кои легално поседуваат оружје се движи над 40 или 45%. Македонија доаѓа некаде на последно место ако се земе во проценти во однос на два милиони жители 140 илјади парчиња и доаѓаме некаде на последно место.

Ова го зборувам во контекст на тоа што не треба да се ограничува на граѓаните да можат да набават легално регистрирано оружје, да си платат, затоа што имаме специфични моменти заради лично нетрпение и партиски на една категорија на граѓани не им дозволуваме да набават ловечко или спортско оружје. Ова како коментар доаѓа и рефлексија на тоа што во Македонија имаме од многу стрелачки сојузи, спортски друштва кои се занимаваат со стрелаштво, од 22 функционираат осум. Тоа покажува дека оружјето, да не каже некој дека некој се залага за оружје, ние мора да кажеме дека Македонија е на Балканот и ова станува традиција, луѓето едноставно имаат потреба, чувство да имаат оружје. Тоа останало традиција и ова е Балканот и Балканот тешко еволуира во делот на она што значи традиција.

Она за што дискутиравме и дојдовме до констатација зошто тоа насилство, дојдовме до заклучок зошто такво насилство се врши во Македонија, желбата за оружје не е тоа дека оние што поседуваат легално оружје извршуваат и насилнички обиди. Зборувавме за тоа дека сето она што ќе го направиме во овој законски проект, да ја намалиме постапката, да ја направиме цената на чинење, дозволи, регистрација и набавка и муниција да не чини повеќе од она што ќе значи оружјето, затоа што ако сите овие административни работи чинат двојно повеќе од набавката на едно парче оружје тогаш граѓаните ги ставаме во искушение да набават нелегално оружје, да го чуваат отколку да платат многу поголема цена во делот на администрацијата, трошоци, целата оваа постапка која е долга. Затоа ние да направиме закон кој ќе биде во функција на граѓаните, а не да биде закон кој ќе ги стимулира да набавуваат незаконско оружје.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Молам, дали некој друг бара збор(Никој)?

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на законот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

(Во салата влегуваат пратеници).

Ги молам пратениците да влезат во салата бидејќи треба да гласаме по законот.

Молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците во салата).

Б

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 61 пратеник, 55 пратеници гласале за, 4 пратеници гласале против и двајца воздржани.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за оружје.

**Минуваме на точка 27 - Предлог за донесување на закон за заштита на сведоци.**

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Повелете г-ѓо Којзеклиска имате збор.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Благодарам претседателе, почитувани колеги пратеници,

Ни дојде на дневен ред Предлог за донесување на закон за заштита на сведоци. Со оглед на фкатот дека во Република Македонија и глобално на светско ниво се интензивира борбата против организираниот криминал и како еден од предусловите за активно вклучување на Република Македонија во овој дел, во оваа борба, а истовремено и почитување на Конвенцијата на ООН за борба против организираниот криминал, Република Македонија конечно треба со соодветен закон да го уреди најважниот дел а тоа е заштита на сведокот. Досегашната кривична постапка не дозволуваше постоење на такви мерки за заштита на определени сведоци, за определени кривични дела, меѓутоа, се надевам дека во иднина тоа ќе

се смени токму со овој предлог закон за донесување на закон за заштита на сведоците.

Како што можеме да забележиме од оние сознанија кои ги имаме ние и како пратеници и како сведоци на се она што се случува околу нас, значи на секоја сериозна држава, вклучувајќи ја и Република Македонија , е неопходно потребно заради зачувување на правната држава и градење на правна држава да се почитува и редот и поредокот односно законите во Република Македонија.

Секое казниво дело предвидено со закон како такво во Република Македонија и сторителот кој го врши тоа кривично дело мора да бидат казнети токму како резултат на фактот што останатите граѓани во Република Македонија ќе имаат една поука дека тој што бил казнет и што издржува определена казна затвор може и нему да му се случи, доколку стори исто такво или слично кривично дело. Сега, ние кога сакаме да се бориме за создавање или доизградба на нашата правна држава и истовремено борба против организираниот криминал, ние мораме да ги казнуваме сторителите на тешките кривични дела. Досега, како што реков, Законот за кривична постапка не ни дозволуваше да можеме да ги заштитиме сведоците кои ќе сведочат против определен сторител или обвинет во текот на кривичната постапка , иако овој закон во неговиот член 3 дефинира дека овој закон ќе се применува доколку докажувањето на кривичното дело би било проследено со несразмерни тешкотии или пак дека не може да се изврши на друг начин без исказ на лице, кое поради можната опасност да биде изложено на заплашување е закана со освета или опасност по животот, здравјето, слободата, физичкиот интегритет, имот, не се согласува со својството на сведок да даде исказ за следниве кривични дела. Сметам дека со постоењето на овој закон како предлог за донесување закон во оваа фаза, добрпо е што се почнало да се иницира еден таков, да се заокружи еден таков дел од правниот поредок во Република Македонија. Иако имам забелешки, јас би сакала до министерот за правда да ги искажам своите забелешки. Обидот , во секој случај треба да биде поздравен.

Сега, да почнеме од почеток. Во самиот член 1 се дефинирани што се се регулира со овој закон, а во членот 2 се дефинирани поимите кои се употребуваат во Законот за заштита на сведоци.

За примената на законот би сакала, почитуван министер, да продискутираме малку. Го кажав она што беше дадено во ставот 1 и се однесува за следниве кривични дела против Република Македонија , вредностите заштитени со Меѓународното право, организираниот криминал и за кои според кривичниот законик

е пропишана казна затвор од 4 години или потешка казна, а одредбите од овој закон се применуваат и за потребите за кривичните постапки водени во други држави врз основа на меѓународни договори за соработка. Вака како што се наведени, значи, прво кривични дела против Република Македонија , па кривични дела против вредностите заштитени со меѓународното право, кривични дела кои се однесуваат на организираниот криминал и на крајот го имаме за кој според кривичниот законик не е важно која област се регулира, дали е тоа против Република Македонија се вели дека над 4 години, за што е предвидена казна затвор над 4 години, амблок за сите кривични дела може да се применува овој закон. Мислам, не ми е јасна интенцијата зошто претходно се наведени посебно овие кога за кривичните дела против Република Македонија , против вредностите и против организираниот криминал, јас не можам да се сетам дека има некое кривично дело за кое е определена казна затвор под 4 години. Сите се со голем број на години во однос на казната затвор.

Понатаму, во член 4 имаме постапување со информации од доверлив карактер. Тука би сакала да потенцирам определена работа која постои. Прво, да кажам дека всушност со овој член се регулираат информациите со кои се стекнуваат службените лица во текот на вршењето на нивната дејност кои се сметаат за службена тајна. Се укажува дека било кое лице или орган вклучен во постапката за заштита на сведоци, не смее без овластување од Одделението за заштита на сведоци да дава било какви информации со одреден сведок, со мерките за заштита или периодот за спроведување на мерките, како и по престанокот на програмата.

Меѓутоа, во овој дел би сакала да напоменам и во самата Конвенција на Обединетите нации против организираниот криминал членот 4 и членот 9, за членот 8 и за членот 9 регулираат една материја и тоа во членот 8 криминализација на корупцијата и членот 9 мерки против корупцијата. Ние како Република Македонија сме мала држава. Интензивно се бориме против корупцијата од 2002 година, што значи на сите врати со сите можности зборуваме дека основна цел заради изградба на правната држава ни е борбата против корупцијата. Е, сега, се работи за јавни службеници или лица кои вршат службена должност, а се однесува всушност за специфичноста на информациите кои тие ги поседуваат. Сега, велиме дека корупцијата ја има секаде околу нас, логично е и да претпоставиме дека може да се случи некој од јавните службеници да издаде без овластување определена информација, тогаш дали во тој случај, освен што надлежните органи веднаш да го известат Одделението за заштита на сведоци за барањето за откривање на

доверливи податоци, освен тоа дали некоја друга мерка не треба да биде приведена во однос на казнување на службениците или лицата кои вршат службена должност, затоа што ќе кажам уште еднаш дека сепак се работи за една специфична материја која регулира во крајна линија казнувањето на сторителите заради такви тешки кривични дела. Значи, мора посебно при изготвувањето на Предлогот на законот да се внимава на она што го укажува и Конвенцијата, значи корупцијата или евентуалната корупција во Одделението за заштита на сведоци и на лицата кои имаат или кои располагаат со доверливи податоци.

Понатаму, ја имаме согасноста, писмената согласност за загрозеното лице дефинирана во член 5. Доаѓа членот 6, тоа е Совет за заштита на сведоци. Согласно овој, значи Советот за заштита на сведоци го сочинуваат претставник од Врховниот суд, директорот на Управата за извршување на санкциите во Министерството за правда, претставник од Министерството за внатрешни работи, раководителот на Одделението за заштита на сведоци во Министерството за внатрешни работи. Предвидено е во ставот 2 дека замениците односно членовите треба да имаат заменици. Уште еднаш ќе апострофирам, специфичноста и тежината на материјата со која ќе се соочува Советот за заштита на сведоци и информациите кои тој ги има, би било добро да ги знае многу мал круг на луѓе. Заменици, мислам дека многу бирократски звучи. Ако веќе ве избрале како член на Советот за заштита на сведоци, тогаш вие ќе треба таа функција да си ја извршувате најодговорно. Треба секгоаш да бидете присутни, за да можете да го извршувате она што ви е дадено, сепак, тоа е доверба да ве предложат и да бидете член на Советот за заштита на сведоци. Значи тоа нешто вреди. Не знам дали е паметно и умесно овој Совет за заштита на сведоци, членовите на Советот да имаат свои сведоци. Тие секогаш треба да бидат на располагање. Треба да се размисли во однос на тој дел. Сепак, извршуваат сериозна функција и не смејат да бидат неодговрни самите членови.

Во членот 7, исто така, имам забелешки во однос на времето на назначување до пет години членови на Советот за заштита на сведоци, освен раководителот на Одделението за заштита и нивните заменици, повторно тука стои дека се заменуваат односно се назначуваат во време од пет години со право на повторен избор. Сметам дека овој орган не треба да биде третиран како останатите органи на државната управа. Тој обавува еден специфичен дел од работата, на поврзана работа помеѓу Министерството за внатрешни работи и судот, Јавниот обвинител тука е во прашање. Не треба да биде подложен на цикличните периодични промени на парламентарната власт од четири години. Сметам дека времето од пет години е

многу голем период и можеби треба да се размислува на годишно или пак на двегодишно назначување на членовите на Советот. Колку борбата против организираниот криминал оди, толку побрзо одат и криминалците. Тие секогаш се еден чекор пред сите мерки кои ги имаат во надлежност органите кои се борат, криминалците се еден чекор напред.

Затоа, сметам дека времето од пет години е многу големо време да биде назначен Советот, а имајќи го предвид и стравот од можна корупција која може да се јави и во тој период. Ние мораме да признаеме, колку и да сакаме или не, не сме имуни на корупцијата.

Во членот 8 вели "членството во Советот за заштита на сведоци престанува", тука се наведени три елементи "со престанок на вршењето на функцијата, односно со престанок на работниот однос во органот од каде што се корумпира или институцијата што ја претставува". Вториот случај е "од оправдани причини на барање на самиот член, односно неговиот заменик и трето поради повреда на одредбите за работа на Советот за заштита на сведоци". Овој третиот дел, значи поради повреда на одредбите за работа на Советот за заштита на сведоци, во тој случај ако членот е делегиран во државен орган, тоа ќе биде или Врховниот суд или ќе биде директорот на Управата за извршување на санкции или ќе биде од Министерството за внатрешни работи и раководителот на Одделението за заштита на сведоци. Ако тие во својата работа додека биле членови во Советот за заштита на сведоци ги повределе одредбите за работа на тој Совет, мошне симптоматично звучи или треба ли да се размислува дека тој човек, ако веќе ги повредил одредбите за работа на Советот за заштита на сведоци, достојно може да ја извршува функцијата во органот или институцијата од каде што произлегува. Дали не треба да се размислува на некој друг вид, сега не зборувам за престанок на работен однос, меѓутоа, доколку намерата ни е сериозна да се бориме против организираниот криминал, таков човек кој ги повредил одредбите за работа на Советот за заштита на сведоци, една суптилна функција, да се врати во институцијата Врховен суд, мислам дека е несериозно малку да размислуваме во тој правец. Тогаш декларативни ни се заложбите за борба против организираниот криминал.

Во однос на работењето на Советот за заштита на сведоци, почитуван министре, овие одредби ми звучат, искрено да ви кажам бирократски. Не се работи за комисија од хартии на вредност или некој друг орган, се работи за една многу специфична материја.

Во членот 10 се вели “Советот за заштита на сведоци работи на затворени седници кои имаат таен карактер”, со тоа потполно се сложувам. Во однос на постапката за замениците ви реков какво е моето размислување. Ставот 2 вели “Советот за заштита на сведоци може да одлучува доколку на седниците се присутни најмалку четири членови или нивни заменици. Сега, кога се донесува Одлука за вклучување во Програмата за заштита на сведоци, за престанок на мерките за заштита, како и за определување мерка промена на идентитет, потребна е согласност од најмалку четири члена, доколку останатите одлуки се донесуваат со мнозинство од повеќето присутни членови на Советот. Кога веќе ова тело го формираме за да може да ги заштити сведоците кои треба да сведочат против одреден криминалец обвинет за определено тешко кривично дело против Република Македонија, да претпоставиме, тероризам или нешто друго, дали не сметате дека мнозинството овде е помалку важно.  Сите ја имаат истата цел да можат да го заштитат сведокот, тој  да има можност да сведочи и тој обвинет на крајот да заврши таму каде што треба да заврши со соодветната казна. Премногу сувопарно звучи мнозинство, дури и Републичкиот судски совет кога одлучува и таму се работи за одлучување за судии за избор на разрешување на судии и таму мнозинството е сувопарно, но да речеме дека тоа е една институција посебна, а ова е пак многу специфична. Можеби ќе треба да размислите во тој дел.

Понатму, во Предлогот за донесување на закон е објаснето Одделението за заштита на сведоци, за што е надлежно. Членот 13, почитуван министре, не ми е јасен. До колку на друг начин не можат да се спроведат мерките за заштита предвидени со членот 24, значи тоа се дефинирани кои мерки на заштита може да ги превземе Одделението, заради вршење на работите од својот делокруг Одделението за заштита на сведоци може да го прикрие идентитетот на своите работници, како и да ја прикрие сопственоста на недвижностите и подвижните предмети кои што ги користат работниците.

Дали со ова им се овозможува на работниците на одделението да работат со прикриен идентитет (употреби странски зборови) ако со служиме со тој речник, ако е тоа интенцијата на оваа одредба, тогаш во ред.

Понатаму уредена е постапката за вклучување во програмата за заштита на сведоци, кој ја поднесува, врз основа на што Јавниот обвинител, факт е дека со овој закон се предлага предлог за вклучување во програма за заштита на сведоци ја поднесува Јавниот обвинител на Република Македонија, тоа е голема функција која му се дава на Јавниот обвинител, а тој го поднесува предлогот врз  основа на

претходно добиено барање за вклучување во програмата доставена или од Министерството за внатрешни работи или од надлежниот Јавен обвинител или судијата кој постапува по конкретниот предмет или лицето кое поради можната опасност по својот живот, закана со освета не се согласува со својство на сведок да даде исказ, како што до сега даваа дотичните сведоци по кривичната постапка.

Понатаму е уредено барањето, мислам дека Законодавно-правната комисија имаше амандмани по однос на овој член- дополнување на барањето податоци во однос на дата, време, месец и раѓање. Доста прецизни и прифатливи амандмани. Во тој член 15 децидно се наведени шест работи кои треба да ги содржи барањето, меѓутоа нај специфично е опис и процена на опасноста која му се заканува на загрозеното лице. Органот кој го прави пописот и процената на опасноста, доколку Министерството за внатрешни работи е во ред, но колку ќе биде во ред доколку барањето го поднесува надлежниот Јавен обвинител, колку тој може да ја процени и да ја опише опасноста која се заканува, колку тоа може да го стори судијата кој постапува по конкретниот предмет и колку тоа може да го стори самото лице кое бара да биде заштитен сведок.

Предлогот кој го поднесува Јавниот обвините до Советот за заштита на сведоци, покрај сите овие претходно наведени кои се во барањето, има дополнување дека на Јавниот обвинител тој предлага предложени мерки за заштита на лицата. Значи една од мерките за заштита на лицето се наведени во предлогот на Јавниот обвинител кој се доставува до Советот за заштита на сведоци.

Многу нејасно ми звучи членот 18, имам забелешки на членот 18 и тоа на ставовите 1 и 2 . Се вели: доколку постои потреба од преземање на итни мерки за заштита на загрозеното лице, Јавниот обвинител на Република Македонија ќе му наложи на Одделението за заштита на сведоци да ги спроведе тие мерки и за тоа заедно со предлогот за вклучување во програмата, ќе го извести Советот за заштита на сведоци.

Ставот 2, пред да се преземат итните мерки, раководителот на Одделението за заштита на сведоци ќе прибави писмена согласност од загрозеното лице. Значи, доколку се работи за итни мерки, навистина проценката за заштита и постоење на опасност по здравјето и животот на загрозеното лице во поодмината фаза, дури може да се случи 5 или 10 минути време, за тоа време раководителот на Одделението, јас така го толкувам, за заштита на сведоци ќе трча по заштитениот сведок и ќе бара аман заман потпиши ми писмена согласност за да можам да преземем итни мерки. Сметам дека треба малку да се дорегулира, јас разбирам дека

треба да има писмена согласност, меѓутоа, во вакви итни случаи дали тоа потпишување на писмена согласност не може да биде дозволено и дополнително. Загрозеното лице дополнително да ја даде својата писмена согласност.

Во однос на членовите 19 и 20 ЗПК има свои забелешки кои држат. По приемот на предлогот кој одлучува, во членот 19 е претседателот, во членот 20 Советот за заштита, значи треба допрецизирање на овие одредби. Затоа велам добро е што е во прва фаза предметот, мислам на Предлогот за донесување на закон.

Понатаму имаме договор за заштита на сведоци во кој се потпишува загрозеното лице, во самиот закон е наведено кои се обврските на загрозеното лице, кои се обврските на Одделението за заштита на сведоци. Сега во членот 24 доаѓаат мерките на заштита, тоа е чување на тајноста на идентитетот, една мерка која ќе се примени на загрозеното лице или обезбедување на лична заштита како втора мерка, промена на живеалиштето или престојовалиштето како трета и промена на идентитетот на заштитениот сведок.

Понатаму во однос на чување на тајноста на идентитетот наведено е во кои случаи, нема да се смета некое вистинско менување на личните податоци во сопственост на лицето во соодветната евиденција што ја водат надлежните одделни, тие се само привремено.

Сега, обезбедување на лична заштита во членот 27 е кратко и јасно напишано само обезбедување на физичка и техничка лична заштита на заштитениот сведок се состои од непосредно давање на заштита со цел да се спречи загрозување на неговиот живот, здравје, слобода, физички интегритет или имот. Имаше извештаи од работните тела каде се велеше дека токму обезбедување на мерките за заштита на сведоците недоволно би ги заштитиле сведоците. Можеби треба посуптилни мерки за заштита на сведоците. Во оваа насока или потврда на она што го сметам дека е исправно е токму ова недоволно дефинирање на обезбедувањето на личната заштита, непосредно пружање на заштита со цел за спречување, незнам како Одделението за заштита на сведоците непосредно ќе му дава заштита на загрозеното лице. Постојано ќе има притисок , незнам , можеби се тие методи за Министерството, меѓутоа, во секој случај законската одредба не звучи дефинирано.

Третата мерка значи заштитеноста, загрозеното лице може да биде преместено на територијата на Република Македонија, било каде или во согласност со меѓународните договори надвор од нејзината територија.

Посебно внимание побуди промена на идентитетот, членот 29, како четврта мерка на заштита на сведокот. Значи промената на идентитетот на лицето се состои со делумна или целосна измена на личните податоци на заштитениот сведок вклучен во програмата и тие лични податоци не смеат да бидат исти со податоците од друго лице.

Ставот 2 вели: добивањето нов идентитет нема да влијае врз статусните и другите права и обврски на лицето вклучено во програмата.

Ставот 3, по истекот на примената на оваа мерка вклученото лице во програмата може да се изјасни за задржување на новиот идентитет.

Ставот 4, вклученото лице во програмата не може да го добие својот изворен идентитет, доколку промената на идентитетот значајно влијаела на статусот кон трети лица или на трето лице, склучување на брак, татковство, мајчинство и т.н.

Понатаму во наредниот став се вели дека со дозвола на Одделението за заштита на сведоци, а во согласност со Упатствата за чување на тајноста и обезбедување на целосната безбедност на луѓето, вклученото лице во програмата може со своите изворни лични податоци да учествува во службена постапка во која користењето на личните изворни податоци се неизбежни. Ако веќе треба да се обезбеди целосна безбедност на лицето во согласност со упатствата за чување на тајнсота, а имајќи го во предвид ставот 4 од овој член каде се вели дека тој не може да го врати идентитетот доколку промената значително влијаела врз статусот на трето лице, зошто тогаш да се експериментира со учество на заштитеното лице во службена постапка и прашање е во кој вид на службена постапка тоа лице може да учествува каде му требаат личните изворни податоци, а веќе претходно велиме дека постои можност да не може да го врати својот првобитен идентитет.

Јас ја разбирам интенцијата на државата дека штедиме, дека немаме пари, се е тоа во ред, меѓутоа, пак ќе повторам ако ние имаме сериозна намера да се бориме против организираниот криминал, ние не можеме да се бориме без пари. Зошто го велам ова?

Во членот 30 е наведено дека, доколку е донесена одлука за примена на мерката за промена на идентитетот, значи најјаката мерка, пред склучувањето на договорот Одделението за заштита на сведоци ќе го повика загрозеното лице да ги исполни своите доспеани обврски спрема трети лица. Сега, доколку тоа загрозено лице, мерката за промена од ставот 1 не ги исполни обврските, мерката за промена на идентитетот нема да се применува се додека доспеаните обврски спрема трети лица не бидат исполнети. Како ние ќе се бориме против организираниот криминал,

против тешки кривични дела кои се утврдени со Кривичен законик на Република Македонија со кривичните дела утврдени со меѓународното право, со кривичните дела против Република Македонија кога ние се фаќаме за сламка, тој имал доспеани обврски спрема трети лица, човекот не можел да ги исполни обврските, а ни треба како крунски сведок за да затвориме 15 криминалци, 15 обвинети лица за борба против тероризам и сега загрозеното лице нема да му се примени на загрозеното лице мерката за заштита на сведоци затоа што тој нема пари да ги плати доспеаните обврски.

Понатаму во истиот тој член ставот 3 на крајот на реченицата се вели: Советот за заштита на сведоци во рок од 3 дена ќе одлучи за прекинување на спроведување на мерката. Дали толку ригорозна санкција треба да има Советот за заштита на сведоци да одлучи или не да се прекине спроведувањето на мерката или не треба да размислува, сепак тоа е најсилна мерка. Овде ни треба човекот како сведок за да искористиме некоја друга мерка, да не бидеме толку ригорозни. Не платил и сега нема промена на идентитетот. Како ќе се бориме со криминалците?

Престанок на програмата за заштита на сведоци ставот 1, точка 4 вели: заради престанок на причините поради кои лицето е вклучено во програмата, престанува и програмата за заштита на сведоци. Оваа одредба сметам дека треба малку повеќе да биде допрецизирана од причини што, доколку сторителот е осуден за определено кривично дело, тој веќе ја издржува казната затвор, клучниот сведок е заштитеното лице, постојат блиски роднини и пријатели на лицето кое ја издржува казната затвор против кого сведочело заштитеното лице, искуството кое верувам дека МВР го има во Република Македонија и надвор од Република Македонија укажува на фактот дека тешко на луѓето, доколку сакаат да дојдат да ти ја најдат трагата не ќе можеш да успееш да избегаш, затоа сметам дека програмата за заштита на сведоци да престане кога ќе престанат причините со осудата на лицето против кое сведочело загрозеното лице, треба малку да биде видоизменета и да се знае определен временски рок до колку таа може да трае и по и додека трае издржувањето на казната затвор од страна на лицето против кое сведочел крунскиот сведок.

Би сакала на крај да кажам членот 36 - казнена одредба постои кривично дело неовластено давање информации и податоци за заштитениот сведок, неговите блиски лица, жртвите кои се јавуваат во својство на сведоци и соработниците на правдата. Значи, со овој закон кој претставува лекс-специјалис во однос на Законот за кривична постапка е уредено ново кривично дело или се предлага ново кривично

дело значи неовластено давање информации, па се прашувам дали ова кривично дело треба да постои во овој закон или треба да си постои во збирката на кривични дела кои се кодифицирани во Кривичниот законик на Република Македонија. Дали мора да постои издвоено, дали има можност ова кривично дело да биде предвидено со овој закон или тоа треба да си стои во сите кривични дела кои постојат кодифицирани во Кривичниот законик.

Преодните и завршните одредби имаат нелогичност. Со оглед на тоа дека во членот 37 се вели дека во рок од 30 дена од влегувањето во сила на овој закон МВР ќе формира Одделение за заштита на сведоци.

Членот 38 вели дека во рок од 30 дена од влегувањето во сила на овој закон ќе се донесат подзаконските акти за востановување и водење на евиденција на заштитените сведоци.

Членот 39 вели дека Деловник за работа на Советот ќе се донесе во рок од 30 дена од денот на неговото конституирање и на крај во членот 40 се вели дека законот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе почне да се применува од 1.01.2006 година.

Зошто е одбрано 1.01.2006 година  се прашувам и можеби ни дава потврда само она што декларативно се бара од сите нас, Владата бара сите институции декалративно бараат борба против корупцијата и организираниот криминал. Ако  ние го донесуваме овој закон, го формираме Одделението, го утврдиме начинот на водење на евиденцијата, само тој ќе се применува после една година. Зошто да се применува после една година. Дали има потреба? За таа една година организиран криминал десетпати повеќе или стопати повеќе ќе има отколку до сега што беше. Мислам оргаизираниот криминал си е навистина организиран, квалитетно организиран, се прилагодува на новите текови плус е транснационален, местото на извршување во една држава, подготовките во друга држава, имотот или заработката во трета држава и ние сега се е убаво во овој закон до членот 40 кога велиме дека од 1.01.2006 година. Можеби министерот ќе има објаснување зошто токму од 1.01.2006 година, меѓутоа, ако е објаснението она што е дадено од страна на претставникот на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците дека од 1.01.2006 година поради суштински подготовки на неговата примена, потреба за формирање на Одделението, тоа навистина не држи место, тогаш немало потреба ни овој закон да се донесе иако е во прва фаза. За два или три месеци ќе го донесеме законот и пак ни останува примена или луфт од шест месеци за да може да почне овој закон да се применува. Подготовките можат да си течат и додека трае

втората фаза во однос на екипираноста на Одделението за заштита на сведоци или начинот на водење на евиденцијата, тоа апсолутно не претставува никаква пречка да може што поскоро законот да си влезе во сила.

Добро е, како што реков, што е ова прва фаза, така што има можност да се дадат и забелешките на собраниската комисија да ги разгледда надлежното Министерство за правда и се надевам форумите што ќе бидат организирани во однос на сите структури што учествуваат во заштита на сведоци и во однос на заштита на сведоците или кои учествуваат во постапката, како што се невладините организации во делот на овие трговии со луѓе што ги имаат, определените сознанија во таа насока и сите тие заблешки, сублимирано на едно место, сметам дека ќе дадат квалитетен предлог на законот.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Почитувани пратеници,

Пред да ја затворам денешната сесија, бидејќи министерот за правда се јави а немаше картичка, ќе и дадам збор да го образложи законот во првата фаза. Потоа завршуваме со денешната сесија, а продолжуваме утре во 11,00 часот.

Повелете.

МЕРИ МЛАДЕНОВСКА-ЃОРЃИЕВСКА:

Благодарам што ми дадовте збор.

Јас сум тука постојано за да се јавам на време за збор за дискусија.

Почитувани дами и господа пратеници,

Појавата на новите форми на криминал и неговите организациони облици, несомнено ја наметнаа потребата за интензивирање на активностите на реформа на казненото законодавство во Република Македонија. Организираниот криминал, како нов феномен, идентификуван уште во 80-тите години на минатиот век од страна на стручната јавност беше оценет како “појава” која со инфилтрирањето во сите области на општественото живеење со своите разорувачки ефекти ја поткопува и уништува политичката и економската стабилност на државите.

Во рамките на меѓународната активност за создавање на превентивни механизми за ефикасно сузбивање на организираниот криминал, во изминатиот период се преземени соодветни нормативни активности за надградба на правната рамка и на домашното казнено законодавство преку вградување на меѓународните стандарди.

Имено, со донесените измени на Кривичниот законик, помеѓу другото, воспоставена е кривичната одговорност на правните лица, редефиниран е системот на санкции, заострена е казнената политика и вградени се нови инкриминации, посебно во однос на организираниот криминал. Едновремено, во однос на надградбата на правната рамка на казненото законодавство, значајно е донесувањето и на Законот за изменување и дополнување на Законот за кривичната постапка, секако и на Законот за јавно обвинителство, што е сосема нов законски текст. Овие законски проекти, помеѓу другото, имаат за цел да востановат соодветни инструменти за ефикасна и ефективна акција во сузбивањето на организираниот криминал.

Во функција на заокружување на законодавството од аспект на создавање на правни претпоставки за сузбивање на организираниот криминал и за ефикасност на кривичната правда, секако е донесувањето и на Законот за заштита на сведоци, што помеѓу другото претставува и операционализација на ратификуваната Конвенција за сузбивање на транснационалиот организиран криминал на Обединетите Нации и Препораката на Комитетот на министри на Советот на Европа во врска со заплашувањето на сведоците во текот на кривичната постапка и потребата за востановување на инструменти за нивна заштита.

Имено, Законот за заштита на сведоци има за цел да обезбеди ефикасна заштита на лицето кое сведочи и за кое стои опасност да биде изложено на заплашување, заканување со освета или опасност по неговиот живот или физичкиот интегритет или животот и интегритетот на неговото семејство и блиските лица.

Со одредбите на Законот, чие донесување се предлага, согласно одредбите содржани во Законот за кривична постапка, се определува целта на Законот, се дефинираат поимите, значењето на поимите, се основа Советот за заштита на сведоци како тело што ќе одлучува за вклучување во Програмата за заштита на сведоци, се создава основ за формирање на посебен организационен облик надлежен за спроведување на заштитата, склучувањето на договорот и мерките на заштита, меѓународната соработка на планот на заштитата на сведоците, прашањата за обезбедување на финансиски средства за спроведување на Програмата, како и казнени одредби во кои е пропишано и кривично дело.

Со предложениот текст се определува дека заштитен сведок е лице кое поседува информации од значење за кривичната постапка, чиј живот, здравје, слобода, физички интегритет или имот се изложени на опасност и кое со одлука на Советот за заштита на сведоци е вклучено во Програмата за заштита на сведоци.

Едновремено, се дефинираат и поимите на соработник на правдата; загрозено лице; мерките и програмата за заштита и слино.

Како надлежен орган за реализација на Програмата за заштита на сведоци се предлага да биде Министерството за внатрешни работи, кое преку формирањето на посебно одделение  (активност која е утврдена и со Стратегијата за реформа на полицијата), за таа цел треба да обезбеди спроведување на мерките за заштита. Вклучувањето во Програмата претпоставува донесување на одлука од Советот за заштита на сведоци по предлог поднесен од Јавниот обвинител на Република Македонија. Односот помеѓу заштитетниот сведок и надлежниот орган задолжен за спроведување на заштитата се предвидува да се уреди со посебен договор склучен помеѓу сведокот и Одделението за заштита на сведоци.

Со Законот, посебно се уредува прашањето на дефинирањето на мерките за заштита што се состојат во тајноста на идентитетот, обезбедување на личната заштита, промена на живеалиштето односно престојувалиштето и промената на идентитетот. Програмата за заштита на сведокот се предвидува со предложеното законско решение да престане со истекот на времето предвидено во договорот; со смрт на вклученото лице во Програмата; доколку вклученото лице во Програмата или неговиот застапник се откажат од заштитата; заради престанок на причините поради кои лицето е вклучено во Програмата и поради непочитување на одредбите од договорот од страна на заштитениот сведок.

Посебна одредба се предвидува за меѓународната соработка, упатувајќи на примената на меѓународните договори во оваа област а, исто така, посебно се утврдува и потребата за обезбедување на финансиски средства од Буџетот за спроведување на програмите за заштита на сведоци.

И на крајот, почитувани пратеници, дозволете ми уште еднаш да го истакнам значењето од донесувањето на овој закон, се надевам дека Собранието ќе го поддржи ваквиот текст и ќе предизвика расправа од која што ќе произлезат заклучоци што ќе влијаат на подобрување на текстот во натамошната постапка.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Овде ја завршуваме денешната сесија.

Продолжуваме утре во 11,00 часот.

Ве молам, пратеници, мислам дека утре ќе завршиме со седницава, молам пратениците да бидат тука заради гласање по овие битни закони.

(Седницата прекина со работа во 17,09 часот).